БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЗА 2023 ГОДИНА

I. ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година се состои од:

	во милиони денари
I Вкупни приходи	**282.051**
- даночни приходи	162.600
-придонеси	88.088
-неданочни приходи	19.894
- капитални приходи	2.800
- донации	8.669
II Вкупни расходи	**324.810**
- утврдени намени	324.610
- резерви	200
III Дефицит	**42.759**
- приливи	94.876
- одливи	52.117

БУЏЕТСКА ПОЛИТИКА НА КРАТОК И СРЕДЕН РОК

А. Цели на Буџетот за 2023 година

Предложениот Буџет за 2023 година има четири основни цели:

- справување со последиците од енергетската криза и зголемената инфлација;
- продолжување на фискалната консолидација и зацврстување на фискалната одржливост;
- обезбедување услови за економско заздравување и одржлив економски раст и
- непречено финансирање на основните функции на државата и поддршка за реформите во правосудството и евро-атлантските интеграции (ЕУ и НАТО).

Предложениот Буџет за 2023 година се темели на цврстата определба за **одржување на макроекономската стабилност и натамошна фискална консолидација на среден рок**, во насока на создавање поповолни услови за забрзан и одржлив економски развој. И во услови на енергетска криза во Европа, продолжува поддршката на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти, редизајнирање на структурата на јавните финансии преку зголемено учество на капиталните расходи, зајакнување на социјалната сигурносна мрежа (вклучително и минималната плата и пензиите) за ранливите категории граѓани и фирми, како и зајакнување на процесот на планирање, извршување и отчетност за јавните финансии.

Во наредниот среднорочен период ќе се продолжи со **поддршка на приватната потрошувачка, инвестициите и извозот**, преку дополнителна поддршка на стопанството во иновативни и извозни дејности со поголема додадена вредност и повисока специјализација, зголемување на конкурентноста и продуктивноста преку модернизирање и дигитализација на процесите. Приоритетите на среден рок се насочени кон **зголемување на инвестициската активност** со директна и индиректна поддршка на активностите на компаниите, унапредување и олеснување на инвестициската клима, поддршка на зелената транзиција и дигиталната трансформација, отворање на нови работни места преку активните мерки за вработување, како и поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија. Поддршката ќе се реализира и преку креирање развојни фондови, фондови за поддршка на иновации, гарантни фондови, еквити фондови, фондови за претприемачки или ризичен (venture) капитал и други инструменти за поддршка на извозни компании, мали и средни претпријатија, како и социјални претпријатија. Притоа, се планираат јавни приватни партнерства, концесии и други инструменти за финансирање на јавните капитални проекти, но и проектите на приватниот сектор.

Планираната фискална консолидација и зацврстувањето на фискалната одржливост опфаќа четири главни аспекти:

- подобрување на наплатата на буџетските приходи, преку оптимизирање на даночниот систем, мерки за намалување на сивата економија и мерки за спречување и сузбивање на корупцијата;
- намалување и реструктурирање на буџетските расходи, преку кратење на неприоритетните и несуштински трошоци, поголема поддршка на приватниот сектор и иновациите со цел зајакнување на конкурентноста, таргетирана социјална компонента за поддршка на најранливите категории на население и ревидирање на методологиите за трансферите и субвенциите;
- промени во изворите на финансирање на буџетскиот дефицит, преку поголема диверзификација на изворите на финансирање на дефицитот, финансирање и реализација

на одредени проекти преку јавно-приватни партнерства, основање на Развоен фонд за стратешки инвестиции и мобилизирање на приватниот капитал

- намалување на обврските на јавниот кон приватниот сектор, вклучително и забрзан повраток на ДДВ кон стопанството.

Покрај определбата за фискална консолидација и буџетски заштеди, продолжува поддршката на економијата со инвестиции на инфраструктурни проекти, редизајнирање на структурата на јавните финансии преку зголемено учество на капиталните расходи, како и зајакнување на транспарентноста и отчетноста.

Графикон бр. 1. Буџетски дефицит и јавен долг (% од БДП) и економски раст (%)



Графикон бр.2. Буџетски дефицит како % од БДП во земјите од Југоисточна Европа



Предложениот Буџет за 2023 година е во согласност со златното правило во јавните финансии: **капиталните расходи се повисоки од буџетскиот дефицит**, односно ќе се позајмува само за финансирање на инвестициските проекти. Реализацијата на буџетот ќе се раководи според принципот вредност за вложените пари ("value for money"), при што ќе се внимава парите на граѓаните да се искористат таму каде што даваат најголеми ефекти во остварување на целите за повисок квалитет на животот.

Б. План за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст

Управувањето со јавни финансии е особен предизвик во услови на турбулентно економско окружување во Европа, што беше наметнато од здравствената пандемија која започна во 2020 година и предизика не само здравствена, туку и социо-економска криза. Состојбата дополнително се влоши со **енергетската криза и актуелната војна во Украина** изместувајќи ги речиси сите економии од нивната преткризна траекторија на раст. Сè уште постои голема неизвесност на глобално ниво во однос на времетраењето и интензитетот на овој шок од неекономска природа.

Во услови на ценовни притисоци условени од енергетската криза и раст на цените на храната на светските берзи, Владата на Република Северна Македонија донесе **неколку пакети на антикризни мерки** пред сè насочени кон граѓаните со директна финансиска поддршка на најранливите категории, спроведување на активности за штедење енергија, поддршка за фирмите, како и административни ограничувања врз цените. Со спроведување на овие мерки се ублажи високиот пораст на цените на храната и горивата, се обезбеди поддршка за ранливите категории граѓани и фирми, а воедно се спроведуваа активности за поттикнување на енергетската ефикасност.

Буџетот за 2023 година е конзистентен со **Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст** е заснован на:

- **Фискална консолидација** – преку утврдување на мерки за рационализација по одделни категории на расходи, активности и мерки за подобрувањето на ефикасноста и ефективноста на системот за наплата на јавните приходи кои ќе обезбедат поголема наплата и подобрување на приходната страна на буџетот, а претставени се и нови извори и модели на буџетско финансирање;
- **Конзистентност на политиките** во процесот на буџетско планирање – преку целосна поврзаност на буџетското планирање со Програмата на Владата, секторските стратегии, како и нужноста од поврзаност со Програмата за економски реформи;
- **Развој на повеќегодишни индикатори за мерење на успешноста** во реализација на политиките во буџетот - со цел мерење на ефектите од буџетските расходи во однос на резултатите при обезбедувањето јавни добра и услуги кои ги даваат буџетските корисници.

Буџетирањето базирано на резултати има за цел да ја подобри ефикасноста и ефективноста на јавните расходи преку поврзување на трошоците во јавниот сектор со резултатите што се постигнуваат. Притоа, на буџетирањето не се гледа како на изолирана иницијатива во доменот на јавните финансии, туку како на дел од финансиската поддршка на пошироките реформи, чија цел е постигнување на резултати во поглед на забрзан, инклузивен и одржлив економски развој.

Буџетирањето базирано на резултати се вклопува во **среднорочната буџетска рамка**. Најдобар начин за да се подобри креирањето на политики за расходи е да се користат информациите за успешноста и резултатите. За реализација при конципирање на Буџетот за 2023 година користени се индикатори и тоа: **инпут индикатори**, кои ги претставуваат расходите за определена цел и **аутпут индикаторите**, со кои се мерат конкретните резултати. За секој буџетски корисник, индикаторите се презентирани во делот на буџетските програми.

В. Нов Закон за буџети

Рамката за водење на одржлива фискална политика, зголемување на буџетската дисциплина и одговорност е утврдена со новиот современ Закон за буџети, кој Собранието на Република Северна Македонија го донесе во септември 2022 година. Притоа, подобрувањето на управувањето со јавните финансии и зајакнувањето на среднорочното буџетско планирање се едни од најголемите приоритети на Владата на Република Северна Македонија во процесот на пристапување во Европската Унија.

Во Законот за буџети содржани се одредби кои се однесуваат на:

- Објавување на регистар на јавни субјекти, кој ќе ги групира јавните субјекти на државата,
- изработка на повеќе видови на буџетски класификации, како основа за планирање и извршување на Буџетот,
- воведување на нумерички фискални правила и фискални принципи, дизајнирани на начин, усогласени и конзистентни со фискалните правила на ЕУ, со цел да ја направат фискалната политика попредвидлива и поодговорна,
- воспоставување на Фискалниот совет, кој треба да обезбеди независни и професионални анализи и мислења за макроекономските и фискалните претпоставки, фискалната стратегија, буџетот, извештаите за реализација на буџетот, фискалните ризици и друго.
- изјава за фискалната политика, треба да ги содржи насоките за фискалната стратегија за време на мандатот на Владата,
- зајакнување на среднорочното буџетско планирање преку петгодишна фискална стратегија,
- подобрена струкура и содржина на буџетот,
- подобрено управување со јавните финансиски и нефинансиски средства,
- задолжување и издавање на гаранции,
- подобрена транспарентност преку подобрување на квалитетот и квантитетот на извештаите, како и
- воспоставување на Интегриран информационен систем за управување со јавни финансии – ИФМИС.

Современиот и модерен начин на управување на јавни финансии претпоставува високо ниво на дигитализирани процеси, коишто треба да се имплементираат преку новиот **Интегриран информационен систем за управување со јавни финансии** со повеќе модули:

- Буџетско планирање (повеќегодишно, вклучувајќи и планирање на капитални проекти/јавни инвестиции);
- Извршување на буџет (вклучувајќи ги сите расходи приходи и операции на динствената трезорска сметка);
- Водење евиденција за потребите на системот на трезорската главна книга и известување;
- Управување со долг;
- Воспоставување и управување со неопходни регистри и класификации;
- Поврзување со други системи за автоматска размена на податоци во Владата;
- Складирање на податоци и алатки за известување за поддршка и следење на донесувањето на одлуките;
- Веб портал за обезбедување сигурен пристап на сите овластени буџетски корисници и други овластени јавни субјекти и
- Други потребни компоненти за поддршка на спроведувањето на Закон за Буџети и за управување со јавните финансии.

Во изминатиов период, во услови на бројни предизвици вклучувајќи ја и здравствена и енергетска криза, се обезбеди редовно и навремено сервисирање на обврските на државата.

Со новото законско решение во наредниот среднорочен период, се очекува фискалната политика да биде насочена кон консолидација на јавните расходи, преку постепено намалување на нивото на дефицитот, како и редизајнирање на јавните расходи преку зголемени инвестициите во инфраструктурата.

Г. План за забрзан економски раст 2022-2026

Планот за забрзан економски раст 2022-2026 година е општа рамка која ги зема предвид сите елементи што можат да придонесат за зајакнување на потенцијалот за раст на среднорочна основа. Тој има за цел да го финансира закрепнувањето на економијата погодена од пандемијата и енергетската криза. Паралелно со економското заздравување, ќе се поддржува забрзан и одржлив раст преку мобилизирање капитал од приватниот сектор, како дополнување на средствата од буџетот и други позајмувања.

Планот за забрзан раст 2022-2026 година претставува надоврзување на Стратегијата за економско заздравување и забрзан раст (SmartER Growth) и е поставен на четири столба: (i) економско заздравување, (ii) забрзан, инклузивен и одржлив економски раст, (ii) зајакнување на конкурентноста на приватниот сектор и (iv) развој на човечките ресурси и еднакви можности. Преку нив, ќе се обезбеди макроекономска стабилност и финансиска одржливост, заздравување на економијата и забрзување на економскиот раст.

Планот ќе игра клучна улога за растот на економијата и создавањето на нови работни места, а неговите крајни цели се:

- зголемување на инвестициите - поефикасно искористување на јавно финансираните инвестиции во следните четири години преку мобилизирање дополнителни средства од приватниот сектор;
- забрзување на растот - зголемување на стапките на среднорочен економски раст до 5% годишен раст; и
- обезбедување на фискална консолидација преку намалување на јавниот долг под 60% од БДП на земјата на среден рок.

Со Планот се предлагаат иновативни начини за финансирање на инвестициите, користење на сите расположливи средства понудени од официјалните кредитори и користење на сите можности за мобилизација на приватниот капитал. Овој план ги консолидира сите постојни и нови планови, иницијативи и доделени средства на Владата на Северна Македонија и меѓународните развојни партнери за периодот 2021-2026 година.

Планот има за цел подобрување на опкружувањето што овозможува развивање регулативи, градење капацитети, како и воведување нови стандарди, сè со цел намалување на ризиците. Рамката предвидува алтернативни извори на финансирање со цел обезбедување поголема поддршка на приватниот сектор, поддршка за иновациите и јакнење на конкурентноста во Северна Македонија. Со планот, покрај буџетските средства (приходи и заеми), предвидено е и финансирање преку следниве видови инструменти: грантови, акции, концесии, нови видови обврзници, јавно-приватни партнерства итн.

На тој начин, ќе се зајакне пристапот до финансии за деловниот сектор и ќе се поттикне развојот на приватниот сектор. Фокусот ќе биде ставен на приоритетните области и областите со потенцијал за раст. Намерата е да се развие нивната конкурентна позиција преку зелената економија, дигитализација, развој на човечки ресурси, иновации и технологија, подобрување на физичката инфраструктура, како и социјална кохезија.

Планирано е да се воведат и користат различни извори на финансирање со кои би можеле да се финансира реализацијата на проекти, при што се планираат следните инструменти: Гарантна шема, Фонд за енергетска ефикасност, Фонд за локален и регионален развој, Фонд за истражување и развој, Хибриден фонд за зелена и дигитална економија со фокус на микро, мали и средни претпријатија, Хибриден стратешки зелен инвестициски фонд, Фонд на фондови, ризичен капитал, групно финансирање (Crowdfunding), итн.

Планот за забрзан економски раст предвидува зајакнување на институционалните капацитети во упрваување со проектите на национално ниво од идентификација на проекти кои ќе бидат во единствената листа на проекти во рамките на Националниот инвестициски комитет, приоритизирање во рамките на Економскиот совет и другите владини тела, подобрена реализација преку единици за имплементација на проектите кај буџетските корисници зајакнета со техничка поддршка и советници за трансакции, како и со воведување на нови единици за координација, мониторинг и оценка на проектите, Единица за испорачување (Delivery Unit) Единица за мониторинг и Единица за оценка на управувањето со јавните инвестиции (Public Investment Management Assessment).

Д. План на јавни инвестиции

Во насока на обезбедување на одржлив и инклузивен раст, согласно приоритетите од Програмата на Владата на Република Северна Македонија, во периодот од 2022 до 2026 година, Владата ќе се фокусира на имплементација на капиталните инфраструктурни проекти во патната и железничката инфраструктура, енергетската и комуналната инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, заштитата на животната средина. Поточно, се планираат капитални проекти финансирани од буџетски средства, од донации (преку ИПА фондови) и со средства од меѓународни финансиски институции/билатерални кредитори.

Значајни инвестициони вложувања со буџетски средства се планирани во областа на патната инфраструктура, а со цел проектирање и изградба на дел од Коридор 8 планирањето, проектирањето, изградбата и употребата на Коридорот 8, Делницата: Тетово - Гостивар/проширување на автопат, изградба на нов автопат Требеништа–Струга–Ќафасан, изградба на делница Гостивар-Букојчани, како и Коридорот 10 д, делницата Прилеп – Битола. Дополнително, преку ЈПДП во делот на патна инфраструктура ќе се изработи урбанистички и основен проект за изградба на државен пат за поврзување на Тетово со Призрен -Р.Косово.

Во делот на патната инфраструктура со кредитни средства предвидена е изградбата на источниот дел од патниот коридор 8 преку делницата Ранковце-Крива Паланка и делницата Крива Паланка до границата со Бугарија, како и западниот дел од патниот коридор 8 преку изградба на автопатска делница Кичево-Букојчани и делницата Кичево-Охрид. Исто така со кредитни средства предвидена е изградба на автопатската делница Скопје-Блаце (граница со Косово), подобрувањето на патната инфраструктура на општините во Република Северна Македонија преку Проектот за поврзување на локални патишта, патната делница Штип-Радовиш, Програмата за национални патишта и Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан.

Од делот на патната инфраструктура како позначајни капитални проекти кои ќе се финансираат преку ИПА 2 Програмите во периодот 2020-2025 се изградба на патна делница Градско - клучка Дреново како дел од патниот коридор 10-д, рехабилитација на регионален пат А2, делница Куманово - Страцин (фаза 1), изградба на нов експресен пат од Прилеп - мост на реката Ленишка и изградба на трета лента на патната делница од село Беловодица -

каменолом Мавровo, замена на заштитни огради според EN стандардите на автопати на 100 км на Коридорот 10, набавка и инсталација на нова сигнализација на премините на ниво на железницата како и спроведување на мерки за подобрување на безбедноста на патиштата долж избраните патни делници.

Во делот на железничката инфраструктура, планирано е финансирањето на трите фази од изградба и рехабилитација на источниот дел од железничката пруга - Коридор VIII делот кон Бугарија, за што за втората и третата фаза се обезбедени 280 милиони евра грант средства од ЕУ, како и да започне Проектот изградба на железничка пруга Кичево - граница со Албанија.

Во областа на водоводната и комуналната инфраструктура планирано е завршување на Проектот за водоснабдување и одведување отпадни води во општините во Република Северна Македонија и започнување на Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Република Северна Македонија.

Како големи капитални проекти во областа на земјоделието се Програмата за наводнување на Северна Македонија и Проектот за модернизација на земјоделството.

Во областа на животната средина значаен капитален проект е изградбата на Пречистителна станица за отпадни води во Скопје, како и станиците за цврст отпад во Полошкиот, Југозападниот, Вардарскиот, Пелагонискиот, Југоисточниот и Скопскиот регион.

Од областа на воспоставување инфраструктура за собирање и третман на отпадни води и воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад што ги исполнува условите на ЕУ како позначајни капитални проекти кои ќе се финансираат преку ИПА 2 Програмите во периодот 2020 -2025 се Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Град Скопје, Проект за изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во општина Тетово, рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево, изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Битола, проект за затворање на депонии во источниот и североисточниот регион, изградба на централен објект за управување со отпад, изградба на фабрика за сортирање, погон МБТ, депонија, постројка за компостирање, зелена точка за источниот и североисточниот регион во Свети Николе, изградба на шест локални објекти за управување со отпад, станици за трансфер, постројки за компостирање и зелени точки за источен и североисточен регион, поддршка при воспоставување регионален систем за управување со отпад, набавка на опрема за Источен регион, поддршка и подготовка на потребната документација за набавка на опрема за вода за општини Радовиш, Кичево, Струмица, Битола, Тетово, Берово, Куманово и Прилеп, подготовка на проектна документација за подобрување на инфраструктурата за собирање и третман на отпадни води и водоводна мрежа во општина Арачиново.

Во делот на образованието, социјалната заштита и правосудство е предвидено да се финансираат следните проекти: изградба и реконструкција на основни и средни училишта, изградба на фискултурни сали во средните училишта, реконструкција на студентски домови во Република Северна Македонија, Проект за унапредување на социјалните услуги, Проект за администрирање на социјалното осигурување, Реконструкција на казнено - поправните установи, Проектот за унапредување на основното образование. Од областа на праведен пристап до квалитетно инклузивно образование на сите нивоа како позначаен капитален проект кои ќе се финансира преку ИПА 2 Програмата во периодот 2020-2025 е реконструкција на јавни предучилишни установи.

Во делот на општинската инфраструктура ќе се финансира Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор.

Во енергетската инфраструктура, поточно во областа на гасификацијата, предвидено е изградба на магистрални гасоводи делница Скопје-Тетово, Гостивар - Кичево и делница Свети Николе – Велес, изградба на интерконективни гасоводи меѓу Република Северна Македонија и Република Косово, Република Северна Македонија и Република Србија, како и меѓу Република Северна Македонија и Република Грција.

Исто така, во оваа област, предвидено е да се финансираат проектите кои ги имплементираат АД ЕСМ и АД МЕПСО и тоа: Ветерен парк Богданци фаза 2, Топлификација на Битола, 400 kV интерконекција Македонија (Битола) – Албанија (Елбасан), Фотонапонска Електрана Осломеј, Ветерен парк Миравци, Рехабилитација на 6 големи ХЕЦ - фаза 3, Проект на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, кој опфаќа изградба на две соларни фотонапонски електрани, 10 MW Осломеј 2 и 20 MW Битола.

По принцип на ЈПП (концесија и заедничко вложување), значаен проект во енергетскиот сектор каде АД Електрана на Северна Македонија како јавен партнер, ќе се изгради ХЕЦ „Чебрен“, која првото производство на струја, доколку сè оди според планот, се очекува во 2031 година, а се очекува да се произведуваат најмалку 333 мегавати. Овие хидроцентрали ќе бидат со можност за давање на секундарна регулација или т.н. балансна енергија што има своја вредност во привлекување на инвеститори.

Ѓ. Унапредување на системот за управувањето со јавните финансии

Во насока на реформи во јавните финансии, подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, подобрување на наплатата на приходите, зајакнување на системот на јавни набавки, внатрешна и надворешна контрола и транспарентно известување, предвиден е да се реализира Проектот за воведување на интегриран информациски систем за управување со финансии (ИФМИС) и интегриран даночен информациски систем.

Врз основа на спроведената Проценка на управувањето со јавните инвестиции (ПИМА) од страна на Меѓународниот монетарен фонд во 2020 г., на предлог на Министерството за финансии, Владата во декември 2020 г. донесе Акциски план за спроведување на препораките од Проценката за управувањето со јавни инвестиции, кој предвидува мерки за градуелно надминување на слабостите во системот на управување со јавни инвестиции.

Конкретно, реформите кои постепено ќе се воведуваат се во насока на подобрување на планирањето, алокацијата и спроведувањето на јавните инфраструктурни проекти, што ќе придонесе кон поголема усогласеност на буџетските алокации со инвестициските приоритети на Владата, подобрување на сеопфатноста на буџетската документација со цел таа да ги вклучува сите јавни расходи за капитални инвестиции и информации за финансиските потреби на тековни и нови проекти, воведување на надзор над портфолиото на јавни инвестиции на национално ниво што вклучува следење и управување со целокупниот ризик во реализацијата.

Буџетот претставува еден од најзначајните инструменти на економската политика. Оттаму, Законот за буџети, кој ги дефинира процедурите за изработка и донесување на овој документ е од подеднаква важност. Новите трендови, препораките и директивите, бараат нови солуции за управување со јавните финансии, согласно најдобрите практики на меѓународните финансиски институции и директивите на Европската Унија.

Со новиот Закон за буџети се уредува постапката за изготвување, донесување, извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје и известување за извршувањето на истите.

Во законот е предвидено воведување на нумерички фискални правила и фискалните принципи, дизајнирани на начин да бидат усогласени и конзистентни со фискалните правила на ЕУ и да ја направат фискалната политика попредвидлива и поодговорна. Воедно, Законот го регулира и воспоставувањето на Фискалниот совет, среднорочното буџетско планирање, управувањето со средствата на државата и општините, следењето на финансиските резултати на јавните претпријатијатаи трговските друштва основани од државата и општините, како и од нив основани трговски друштва, како и фискалната одговорност и основите за воспоставување на интегриран информационен систем за управување со јавните финансии.

Во таа насока, а со цел градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, со кредитни средства од Светска банка и грант средства од ЕУ ќе се финансира изработката на: интегриран систем за управување со финансиски информации, интегриран систем за управување со даночни информации и систем за управување со информации за државна помош.

Е. Унапредување на фискалната децентрализација

Градењето добропоставен систем на јавни финансии е обемен процес, којшто се состои од повеќе сегменти, меѓу кои е и фискалната децентрализација и е основа за одржлив економски систем.

Децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет е еден од приоритетите кои произлегуваат од Пристапното партнерство на Република Северна Македонија со ЕУ и Рамковниот договор.

Во насока на продолжување и унапредување на процесот на фискална децентрализација, со крајна цел обезбедување подобри услуги за граѓаните, неопходно е да се постигне поголема финансиска дисциплина на општините, поголема транспарентност и отчетност за тоа како општините ги трошат средствата на граѓаните.

Зголемувањето на финансиската дисциплина на општините, како и намалување на долговите може да се постигнат преку реално планирање на приходите и расходите на општините, рационализација во работењето и намалување на непотребните расходи, редовно сервисирање на обврските, поголема финансиска дисциплина, процедури за прогласување финансиска нестабилност и анализа на постојните обврски на општините и јавните претпријатија.

Министерството за финансии во изминатиот период активно работеше на реформа за унапредување на фискалната децентрализација, која нуди системско решение за стабилни финансии на општините, кои се предуслов за одговорни општини и испорака на квалитетни и ефикасни услуги за граѓаните.

Реформата се состои од три столба:

- зголемување на фискалниот капацитет на општините и зголемување на приходите на општините;

- зголемување на финансиската дисциплина на општините и намалување на долговите,

- зголемена транспарентност и отчетноста, преточена и во законско решение.

Со цел зголемување на приходите на општините и подобрување на фискалниот капацитет на општините, со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се зголеми процентот од приходите од данокот на личен доход од 3% на 6% и оваа одредба ќе се применува од 1.1.2024 година, а до тогаш процентот од денот на стапување на сила на законот до крајот на 2022 година ќе изнесува 4%, а во 2023 година 5%.

Овој приход општините го добиваат од приходот од данок на личен доход од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано живеалиште и престојувалиште.

Исто така, постепено се зголемува стапката на дотацијата од ДДВ од 4,5% на 6%. Приходите од данокот на додадена вредност ќе се обезбедат во висина од 6% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година започнувајќи од 2024 година.

При тоа обезбедените средства ќе се распределуваат во три дела и тоа: Основен дел – 4, 5% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година, Дел за перформанси - 0,75% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и Дел за вооедначување - 0,75% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година, започнувајќи од 2024 година.

Средствата од дополнителното зголемување на процентот на ДДВ за општините ќе се распределуваат во два нови дела – Дел за перформанси (успешност) и Дел за воедначување.

Делот за перформанси ќе ги опфати општините што имаат подобра реализација на приодите во споредба со планираните приходи и повисока наплата на сопствените приходи, додека Делот за воедначување е наменет за надминување на разликите согласно фискалниот капацитет на општините, односно општините коишто имаат пониски приходи поради ограничен капацитет на ресурси добиваат дополнителни средства.

Со измените се воспоставуваат нови финансиски инструменти за надминување на состојба на финансиска нестабилност со јасно дефинирани услови за искористување (структурна обврзница од Министерството за финансии, обврзница на општините за познат купувач и т.н. „стенд-бај“ кредит за општините).

Со зајакнување на фискалната одговорност на општините ќе се зголеми и транспарентноста во работењето на општините. Притоа, општините ќе имаат обврска на транспарентен начин да објавуваат финансиски податоци на своите веб страни, зголемена отчетност во трошењето на сите средства кои се доделени од страна на државата, а ќе се спроведува и зголемена контрола од страна на финансиската инспекција за почитување на законските прописи и за рационалното и наменско трошење на средствата.

Ж. Унапредување на транспарентноста во јавните финансии

Министерството за финансии продолжува со активностите за подобрување на транспарентноста во управувањето со јавните финансии. Порталот „Отворени финансии“ континуирано ѝ обезбедува на јавноста увид во податоците, односно трансакциите направени од Буџетот на државата, како и од буџетите на општините чија цел е да се обезбеди поголема транспарентност и отчетност.

Дополнително, Министерството за финансии на својата Интернет страница воведе т.н Фискален бројач (каде веќе се објавуваат дневни податоци за кумулативната реализација на буџетските приходи, буџетските расходи, капиталните расходи, процент на нивна реализација, како и месечни податоци за состојбата на државниот долг) и Календар на даночната регулатива кој дава предвидливост и транспарентност во делот на даночната политика.

МАКРОЕКОНОМСКИ ПРОЕКЦИИ

Глобалната економија во текот на 2022 година се соочува со голем број предизвици, како инфлацијата која е највисока во изминатите неколку децении, руската инвазија на Украина и долготрајните ефекти од пандемијата Ковид-19, кои имаат негативно влијание врз изгледите за раст на глобалната економија. Нормализацијата на монетарната политика и стеснетиот простор на фискалната политика (кои обезбедија голема поддршка за време на пандемијата) ја ослабува побарувачката, бидејќи креаторите на политиките имаат за цел да ја намалат стапката на инфлација до соодветниот таргет. Се поголем дел од економиите се во фаза на забавување на растот или целосна контракција.

Растот на глобалната економија се очекува да изнесува 3,2% во 2022 година, а во 2023 година ќе забави на 2,7%, согласно октомвриските проекции на ММФ. Економијата на ЕУ се очекува да порасне за 3,2% во 2022 и да забави на 0,7% во 2023 година, додека за Германија, како наш најзначаен трговски партнер, се предвидува раст од 1,5% во 2022 година, односно пад од 0,3% во 2023 година. На среден рок, глобалниот раст по 2023 година се очекува да се зголеми на околу 3,2%.

Инфлацијата на глобално ниво, придвижена од зголемените цени на храната и ценовните притисоци предизвикани од војната во Украина, се очекува во 2022 година да изнесува 8,8%, за во 2023 година да се намали на 6,5%. Во 2022 година се предвидува инфлацијата да изнесува 7,2% во развиените и 9,9% во земјите во развој, додека во 2023 година инфлацијата во развиените земји се очекува да се намали на 4,4%, но во земјите во развој и понатаму ќе остане на релативно високо ниво од 8,1%.

Графикон бр. 3. Глобален економски раст



Извор: ММФ, октомври 2022 г. (*проекција.)

Економската активност во Република Северна Македонија во 2022 година, беше под влијание на предизвиците и неизвесности предизвикани од глобалните фактори. Во овие услови домашната економија забележа солиден раст од 3,2% во првата половина од годината, додека во третиот квартал, како резултат на понатамошното влошување во меѓународното окружување, стапката на раст умерено забави на 2% на годишна основа, со што просечниот раст во првите девет месеци од годината достигна 2,7%.

Гледано по сектори, растот на БДП во првите три квартали од 2022 година е резултат на позитивните остварувања во услужниот и земјоделскиот сектор кои имаа позитивен придонес врз економскиот раст. Активноста во услужниот сектор забележа раст од 5,7%, пред се како резулат на поволните движења во трговијата, транспортот и угостителство, со раст од 7,7% со што продолжи силното постпандемиско закрепнување во оваа дејност. Значаен раст е забележан и во стручните научни и технички дејности како и дејностите во врска со недвижен имот. Индустријата забележа намалување на активноста од 1,7%, во услови на

намалување на преработувачката индустрија од 1,2%. Согласно месечните податоци за индустриското производство, во првите десет месеци од годината производството на електрична енергија и ископување на јаглен и лигнит забележа раст, како резултат на напорите за зголемување на домашното производство на електрична енергија во услови на енергетска криза. Значаен раст е остварен и во секторите каде што оперираат компаниите во слободните економски зони, пред се од автомобилската индустрија, кои и во овие услови ја одржуваат активноста на високо ниво и забележаа раст на извозот и вработеноста. Од друга страна производството на храна и пијалаци забележаа позначителн пад, во услови на раст на цените на примарните производи и суровини и неизвесност од аспект на нивната достапност. Земјоделството во овој период забележа раст од 3,2%, додека градежниот сектор забележа пад од 8,6%.

Графикон бр. 4. Структура на економскиот раст според производствениот метод (процентни поени)

Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Анализирано според расходната страна, растот на економската активност во овој период во целост се должи на зголемената домашна побарувачка, во услови на зголемена потрошувачка и зголемени бруто-инвестиции, додека придонесот на нето-извозот е негативен. Бруто-инвестициите забележаа раст од 26,5%, со што продолжи нивното натамошно закрепнување. Високото ниво на бруто инвестициите во значителна мера се должи на растот на залихите што произлегува од зголемениот увоз на интермедијарни производи и суровини, енергенти, но и раст на увозот на машини и опрема, за да се ублажат неповолните ефекти од воениот конфликт врз достапноста и цените на овие производи, особено во првата половина од годината. Потрошувачката забележа раст на реална основа од 2,0%, во чии рамки приватната потрошувачка поддржана од растот на платите, дознаките и солидната кредитна активност порасна за 3,1%, а јавната потрошувачка е намалена за 2,5% на реална основа. Извозот на стоки и услуги забележа раст од 14,5% на реална основа, што главно се должи на зголемениот извоз на хемиски производи, железо и челик и минерални горива и мазива. Увозот на стоки и услуги забележа повисок раст од извозот, односно се зголеми за 20,1% на реална основа, со што нето-извозот има негативен придонес во економскиот раст. Растот на увозот се должи главно на увозот на интермедијарни производи, којшто е зголемен за 36,3% во овој период. Трговскиот дефицит во овој период е повисок за 53,4% во однос на минатата година, при што 81,4% од зголемувањето на вкупниот трговски дефицит се должи на зголемениот дефицит во размената на енергенси (нафта и електрична енергија) како резултат на високите цени на меѓународните пазари.

Согласно остварувањата во првата половина од годината, мерките за поддршка на домашната економија како и очекувањата за подобар раст во Еврозоната во 2022 од претходно проектираниот (3,1% во октомври, наспроти 2,8% во април), претставуваат основа да се оствари проектираниот раст од 3,2% во 2022 година. При тоа, домашната побрувачка и натаму ќе остане главен двигател на растот како резултат на солидната приватна потрошувачка (раст од 4%) и високото ниво на бруто-инвестиции (15%), додека нето извозот ќе има негативен придонес во услови на поголем раст на увозот (12%) во однос на растот на извозот (8%).

Во вториот квартал од 2022 година продолжија позитивните придвижувања на пазарот на труд, при што стапката на невработеност се намали до ниво од 14,3%, (од 14,5% во вториот квартал), во услови на квартален пад на бројот на вработени од 1,7%. Стапката на вработеност изнесува 47,3%, а бројот на вработени е речиси на исто ниво како претходниот квартал. Во периодот јануари-септември 2022 година просечната нето-плата забележа номинален раст од 9,9%, при што во март и април растот се интензивираше како резултат на зголемувањето на минималната плата. Во овој период раст на просечната плата е забележан во сите сектори, при што најизразен е во угостителската дејност, уметноста и трговијата.

Стапката на инфлација во текот на годината има нагорна тенденција и во периодот јануари-ноември 2022 година достигна 13,8%, што ги отсликува ценовните притисоци на страната на понудата предизвикани од глобални фактори, коишто резултираа со нагорен тренд на цените на примарните производи на меѓународниот пазар, а се пренесоа во домашната економија, главно преку зголемени цени на прехранбените производи (од 20,9%), нафтените деривати (од 34,0%) и електричната енергија (од 14,3%). Ефектот на зголемените цени се прелеа и на базичната инфлација и во овој период регистрира раст од 6,9% на годишно ниво.

Движењата на тековната сметка на билансот на плаќања во првите девет месеци од 2022 година резултираа со дефицит од 566 милиони евра. Во однос на истиот период лани, тековниот дефицит е значително повисок, што речиси целосно се должи на проширениот трговски дефицит за 67,1%, пред се кај енергенсите, и покрај позитивните движења кај размената на услуги и секундарниот доход. Поволните движења кај тековните трансфери (дознаките од странство) продолжија и забележаа раст од 30,5% во однос на истиот период лани. Приливот на СДИ во првите девет месеци од годината изнесува 528 милиони евра, што претставува раст од 81,8% на годишна основа.

Заострувањето на меѓународните економски и политички односи, предизвикани од војната во Украина, проследени со засилени и долготрајни инфлациски притисоци, очекувања за намалување на глобалната трговија и надворешната побарувачка и заострувањето на глобалните услови за финансирање, го влошуваат глобалниот амбиент и дополнително ја зголемуваат неизвесноста за економските изгледи. Од друга страна мерките кои континуирано ги спроведува државата за справување со енергетската и ценовната криза се очекува да влијаат врз заштита на животниот стандард на граѓаните и ликвидноста на компаниите. Истовремено, тие ќе обезбедат и финансиска поддршка на деловните субјекти, со цел побрзо економско заздравување и создавање основа за забрзување на економскиот раст во наредниот период, при очекувано постепено стабилизирање на глобалните синџири на снабдување и поповолен амбиент за инвестирање.

Оттаму, согласно основното макроекономско сценарио економскиот раст во 2023 година е проектиран на 2,9%, (наспроти иницијално очекуваниот раст од 4,5% согласно проекциите минатата година). Растот на економската акивност и понатаму ќе биде придвижен од домашната побарувачка, додека нето-извозот се очекува да има негативен придонес, во услови на поумерен раст на извозот и увозот на стоки и услуги.

Очекувањата за намалена надворешна побарувачка во текот на 2023 година ќе влијае на извозот на добра и услуги од земјата и истиот се очекува да забави на ниво од 4,5%.

Истовремено, добрите перформанси на компаниите во индустриските зони, проширувањето на капацитетите и најавата за нови инвестии, ќе го одржат извозот на солидно ниво во овие услови.

Во делот на приватната потрошувачка, влијанието на ценовните притисоци кој се очекува да продолжат и во текот на 2023 ќе се одразат врз рсположивиот доходот на домаќинствата, кој делумно ќе биде неутрализиран преку понатамошното усогласување на минималната плата, пензиите, очекуваниот раст на просечната плата, одржување на дознаките на солидно ниво, но и преку владините мерки за ублажување на ефектите од ценовниот шок пред се во делот на трошоците за храна и енергија. Оттука, приватната потрошувачка се очекува да забележи раст од 2,4%. Јавната потрошувачка се очекува да оствари умерен раст од 0,8%, согласно напорите за намалување на неприоритетните буџетски расходи со цел да се обезбеди дополнителен простор за обезбедување на поддршка за приватниот сектор како и спроведувањето на процес на фискална консолидација преку редизајнирање на јавните расходи содржани во Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст.

Покрај ограничувачките фактори кои произлегуваат од предизвиците и неизвесноста на глобално ниво врз инвестициските одлуки, високото ниво на капитални расходи од буџетот придружени со механизми за нивна реализација, поволните услови за инвестирање во земјата и најавените инвестиции во индустриките зони се очекува да ги одржат бруто - инвестициите на солидно ниво и се очекува раст од 5,1% на реална основа, односно и понатаму да бидат еден од главните носителите на растот на економската активност. Во услови на поумерен раст на извозот и домашната побарувачка, растот на увозот се очекува да изнесува 4,3%, односно нето-увозот да има помал негативен придонес.

Очекувањата за одржување на високите цени на енергенси и храна на меѓународните пазари придружени со сеуште присутната неизвесноста во однос на идните движења на светските цени и достапноста на примарните производи поради, но и на преносните ефекти од високата инфлација во текот на 2022 година, ќе резултира со повисоко ниво на инфлација и во текот на 2023 година која е проектирана на ниво од 7,1%.

Графикон бр. 5. Реален раст на БДП и придонеси на расходни компоненти (процентни поени)

Пазарот на труд, кој во изминатиот период се покажа како отпорен на предизвиците, се очекува да продолжи со позитивните движења и во текот на 2023 година, иако со забавена динамка како резултат поумерениот раст на економската активност. Активните мерки и програми за вработување, како и поддршката на домашните и странските претпријатија за отворање на нови работни места ќе придонесат кон раст на бројот на вработени, кој е

проектиран на 1,6%, и ќе резултира со дополнително намалување на стапката на невработеност наредната година на ниво од 14%.

Основното макроекономско сценарио е придружено со ризици, кои се надолни во однос на проектираниот раст. Неизвесноста од развојот на настаните поврзани со воениот конфликт во Украина, воведените санкции кон и од Русија, подолготрајното опстојување на високите нивоа на инфлација и политиките на монетарните власти за справување со истата преку затегнување на финансиски услови, појава на нови бранови на Ковид-19, може дополнително да го ограничи растот. Од друга страна, членството во НАТО и отпочнувањето на преговори за членство во ЕУ може да имаат позначително влијание врз инвестициската активност и спроведувањето на институционалните и структурните реформи кои ќе го зголемат поенцијалот за раст.

Економските политики и мерки преточени во Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст, Планот за јавни инвестиции и Планот за забрзан економски раст (“Growth Acceleration Plan”) како генерална рамка, се цврста основа за зголемување на потенцијалот за раст и остварување на повисоки стапки на раст на среден рок, односно удвојување на економскиот раст во однос на просекот од 2,5% во изминатата деценија. Согласно основното сценарио, просечниот раст на економската активност во периодот 2023-2027 година ќе достигне 4,6% при што од 2025 растот ќе достигне стапка од 5%. Растот на среден рок ќе придвижен од домашната побарувачка, додека нето-извозот се очекува да има благ негативен придонес кој постепено ќе се стеснува. Со нормализација на глобалните движења на среден рок и зголемувањето на довербата на деловните субјекти се очекува да придонесе кон раст на приватните инвестиции како и државната поддршка за унапредување на приватниот сектор и зајакнување на конкурентноста, иновативноста и технолошкиот развој на претпријатијата преку обезбедување на алтернативни извори и инструменти за финансирање што е еден од клучните аспекти на Планот.

Енергетската криза, како продолжение на здравствената криза силно ја истакна потребата од балансирање помеѓу краткорочните стабилизациони цели и долгорочната фискална одржливост. Во услови на кризни состојби се наметна потребата од експанзивна фискална политика со цел поддршка на енергетскиот сектор.

Во услови на ценовни притисоци условени од енергетската криза и растот на цените на храната на светските берзи, Владата на Република Северна Македонија донесе сетови на мерки пред сè насочени кон граѓаните со директна финансиска поддршка на најранливите категории, спроведување на активности за штедење енергија, како и административни ограничувања со импакт врз цените. Со спроведување на овие мерки се амортизира порастот на цените на храната и горивата, се поддржуваат фирмите, а воедно има влијае и на поголема енергетска ефикасност.

Со донесените економски мерки за справување со енергетската и ценовната криза државата влијае врз заштита на животниот стандард на граѓаните, обезбедува ликвидност на деловните субјекти, а со цел побрзо економско заздравување.

На среден рок, фискалната политика, преку редизајнирање и консолидација на јавните расходи, со акцент на засилување на циклусот на јавни инвестиции и мерки насочени кон постигнување на забрзан, инклузивен и оддржлив економски раст, ќе има значително влијание врз инвестициската побарувачка и потенцијалот за економски раст.

Со тоа се наметнува и потребата од рационализација на јавните расходи на среден рок, како и мерење на резултати од реализација на расходите со цел зголемување на ефикасноста на трошењето и постигнување на фискална одржливост на среден рок.

Клучни елементи на среднорочната фискална политика се редизајнирање на буџетската политика и **фискална консолидација**, насочени кон поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, со што се зајакнува потенцијалот за раст на националната економија.

Согласно Одлуката за утврдување стратешки приоритети за 2023 година и онатаму останува определбата на Владата на Република Северна Македонија за остварување на најважните стратешки приоритети и тоа:

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;
- справување со последиците предизвикани од кризни состојби;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот;
- професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники;
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

Во текот на 2023 година планирано е континуирано подобрување на системот за планирање на буџетот преку редизајнирање на расходите, подобра контрола на трошоците и преземање на одредени предлог мерки на приходната и расходната страна.

Вкупните приходи на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година се планирани на ниво од 282,1 милијарди денари и истите се за 14,8% повисоки во однос на 2022 година, додека расходите се планирани на ниво од 324,8 милијарди денари или за 12,6% повисоки во однос на 2022 година.

Вака планираните приходи и расходи резултираат со буџетски дефицит на ниво од 4,6% од планираниот БДП или во апсолутен износ од 42,7 милијарди денари.

Меѓу другото Министерството за финансии се фокусира и на обезбедување на макроекономска стабилност преку креирање и следење на макроекономската политика за развој и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори. Истовремено се залага за ефикасно користење на ЕУ претпристапната помош и воспоставување на ефикасен систем на контроли во распределбата на средствата од ИПА фондовите, техничка имплементација и следење на проектите на Министерството за финансии, финансирани преку ИПА ТАИБ, како и координација на соработката со меѓународните финансиски институции и техничка имплементација и следење на проектите на Министерството за финансии финансирани преку ИПА 2 и ИПА 3.

Министерството за финансии ја креира даночна и царинска политика во државата и се грижи за одржување на стабилен финансиски систем преку изготвување на соодветна законска регулатива, спроведува хармонизација и унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ. Исто така, ги уредува имотно-правните односи со предлагање на законски прописи и подзаконски акти, кога една од страните е државата (експропријација, приватизација на градежно земјиште) и слично.

Министерството за финансии преку Бирото за јавни набавки истовремено работи на јакнење на системот на јавни набавки преку донесување на законски и подзаконски акти од областа на јавните набавки и оперира со електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), додека пак преку Управата за финансиско разузнавање прибира, обработува и доставува податоци за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Приоритетни цели за 2023 година на Министерството за финансии се задржување на финансиската и макроекономска стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата, фискална одржливост и консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата и инвестирање во инфраструктурни проекти, одржување на солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси, предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи, реформи во јавните финансии, подобрување на макроекономската и фискалната рамка, економски анализи, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зајакнување на внатрешната и надворешната контрола, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на централно и локално ниво, унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините, намалување на сивата економија и поттикнување на приватната иницијатива и инвестициите, воведување на буџетското финансирање во пилот институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ-клучни перформансни индикатори), квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија, ефикасно користење на пристапната помош од Европската Унија и зајакнување на системот за финансиско управување преку доставување на квалитетна тендерска документација во рамките на ИПА 3, заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси и борба против неправилности и измами, одржување на професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови, усогласување на домашното законодавство со законодавството на Европската Унија.

Во 2023 година Министерството за финансии ќе работи на активности за основање на Академијата за јавни финансии со цел обезбедување континуирана едукација на јавната администрација од областа на управувањето со јавните финансии во насока на создавање на модерна и стручна администрација за обезбедување квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти, и ќе учествува во реализација на активности од Стратегијата за реформа на јавната администрација.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	1.533.570	1.267.914	1.425.143	1.200.863	1.462.567
Број на вработени	703	676	705	687	664
Просечна месечна бруто плата по вработен	35.964	38.918	41.975	45.718	60.685
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	680	654	812	971	1.326

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Број на решени предмети за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост	6.909	4.933	5.283	7.000	13.000
Број на склучени договори за проектите финансирани во рамки на ИПА	6	5	3	45	34
Доставени извештаи за сомнителни трансакции од субјектите	293	292	298	310	330

09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 74.100.210 ДЕНАРИ

ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Во рамките на буџетот на овој раздел опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање на ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање на елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

09003 ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Царинската управа на Република Северна Македонија како орган во состав на Министерството за финансии ги врши работите од својата надлежност согласно Законот за Царинската управа, Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, Законот за акцизите, Законот за царински мерки за спроведување на заштита на права од интелектуална сопственост, Законот за данок на додадена вредност, Законот за данок на моторни возила и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стоки, како и други закони со кои се регулираат други работи кои спаѓаат во надлежност на Царинската управа. Царинската управа ги извршува задачите што се во нејзина надлежност преку Централната управа – централна точка која ги координира и управува царинските надлежности на целата територија на Република Северна Македонија и царинарниците кои координираат и управуваат со одреден регион, вршат царинско работење во патнички и товарен сообраќај и кои спроведуваат мерки за царински надзор, царинење, спречување на незаконски увозни, царински управни и

царински прекршочни постапки, присилна наплата на царински давачки преку нивните организациони единици - царински испостави. Главните области на работа на Царинската управа опфаќаат задачи поврзани со царини и акцизи (пресметка и наплата на давачки, надзор, контрола, царинење на стоки, истрага и разузнавање, наплата на парични казни) и други задачи утврдени со закон. Функциите кои се извршуваат во Царинската управа според утврдени категории, се: функција на креирање јавни политики (стратешко планирање, регулатива, норми, анализа на јавни политики, планирање); регулаторна функција (издавање лиценци, дозволи, акредитации, инспекции, контрола); координативна функција (меѓу повеќе тела); функција на давање услуги (на администрацијата или на граѓаните) и функција на поддршка (финансиско управување, управување со човечки ресурси, ИКТ, обуки, ревизија).

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Стратешка определба на Царинската управа е воспоставување на ефективна царинска политика која ги поддржува владините економски цели, како и одржување на рамнотежа помеѓу интересите на бизнис заедницата и одговорностите за царинска контрола, со цел да се обезбеди поддршка на легалната трговија и подобрена наплата на давачки. Царинската управа, согласно актуелните мерки и политики на ЕУ и Царинската унија, се стреми кон поголема иновативност и ефикасност, и воведување на „паметни“ царински процеси. Дејствата кои се планираат се во насока на надминување на клучните предизвици со кои се соочуваат цариниte на меѓународно ниво: порастот на примената на е-трговија и дигитализација, излегувањето на Обединетото Кралство од ЕУ и Царинската унија, како и непредвидените случувања на глобално ниво. Во таа насока, стратешките приоритети на Царинската управа се олеснување на трговијата, заштита на општеството, наплата на приходи и заштита на финансиските интереси и модернизација.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен буџет (илјади денари)	976.794	970.056	1.099.405	1.217.977	1.267.078
Број на вработени	1.161	1.170	1.239	1.252	1.241
Просечна месечна бруто плата по вработен	48.731	52.537	51.208	52.981	56.479
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	752	785	790	871	906

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Реализирани буџетски приходи по вработен (илјади денари)	80.592	70.677	73.037	75.257	97.574

Вработени кои учествувале на најмалку една обука (% од вкупниот број на вработени)	69%	39%	45%	60%	65%
Број на економски оператори иматели на одобренија за Овластен економски оператор	9	17	21	26	29

09004 АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за стоковни резерви е носител на активностите во врска со планирањето, формирањето, финансирањето, чувањето, обновувањето и користењето на стоковните резерви во Република Северна Македонија, ги врши управните, стручните и другите работи во врска со стоковните резерви и се грижи за нивото на пополнетост и квалитетот на стоковните резерви.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Во текот на 2023 година во зависност од расположливите средства потребно е да се набават дополнителни количини на стоки за дополнување на стоковните резерви со цел покриеност на потрошувачката во Република Северна Македонија. Покрај активностите околу набавка и обновување на стоковните резерви, во 2023 година ќе се посвети внимание и на одржување на објектите во државна сопственост, дадени на користење на Агенцијата за стоковни резерви, во кои се складирани стоки од стоковните резерви.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	95.754	127.058	348.628	988.800	785.340
Број на вработени	31	29	31	31	32
Просечна месечна бруто плата по вработен	31.990	35.758	41.608	41.344	42.656
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	1.192	1.357	1.910	2.325	3.499

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Набавка на меркантилна пченица	12.558.557	64.890.000	174.300.000	100.000.000	270.000.000
Набавка на јачмен за сточна храна	0	0	0	60.000.000	115.000.000
Обновување на Готварска сол	0	6.447.000	0	8.000.000	0

09005 УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за јавни приходи оперативно ја спроведува даночната политика, го води единствениот даночен регистар и даночните евиденции на даночните обврзници, врши наплата и повраток на даноци, социјални придонеси од плата и други јавни давачки, врши инспекциски надзор, дава помош на даночните обврзници за исполнување на нивните даночни обврски, го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава предлози за негово унапредување, соработува со даночни органи од други држави и дава меѓународна правна помош во даночни предмети.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Приоритети на Управата за јавни приходи се зајакнување на административните капацитети, зајакнување на борбата за превенција, заштита и спречување на даночни измами и сива економија, како и зајакнување на управувањето со јавните финансии. Во 2023 година Управата за јавни приходи ќе продолжи да го зајакнува административниот капацитет со цел подобрување на деловните практики и внесување на промени согласно со севкупната дигитална трансформација. Управата за јавни приходи креира единствена политика за обезбедување на едноставни даночни постапки и дигитализирани услуги за помош и поддршка на даночните обврзници за навремено и точно исполнување на обврските.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен буџет (илјади денари)	1.021.453	2.099.727	3.033.571	3.324.400	3.279.545
Број на вработени	1.114	1.091	1.164	1.094	1.036
Просечна месечна бруто плата по вработен	47.366	49.495	46.854	51.036	57.348
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	703	740	775	828	946

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Реализирани даночни приходи по вработен (илјади денари)	73.895	69.674	74.751	74.035	79.273
Број на извршени контроли на даноци придонеси и други јавни давачки	4.069	2.761	3.600	3.700	3.800

09006 УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за финансиска полиција е орган на државна управа со посебни надлежности пропишани со Закон за финансиска полиција, Закон за кривична постапка и Закон за јавно обвинителство, кој е надлежен за контрола на примената на прописите од областа на финансиското, даночното и царинското работење. Со цел развој на капацитетите на Управата, а согласно со Уставот и законите на Република Северна Македонија, ратификуваните меѓународни договори во областа на кривичната постапка, континуирано се имплементираат најдобрите практики кои органите на прогон ги применуваат во земјите на Европска Унија. Со законот се пропишани надлежностите и овластувањата на Управата, а ваквата специјализација при откривање и гонење на сложени појавни форми на организиран финансиски криминал има за цел градење на одбранбен систем во борба против корупцијата и организираниот финансиски криминал. Управата за финансиска полиција е определена како контакт точка за соработка со ОЛАФ и известување за детектираните неправилности, при што во наредниот период се очекува воспоставување на интензивна меѓународна соработка со Европол, Интерпол и други сродни институции за борба против организираниот криминал.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Во текот на 2023 година Управата за финансиска полиција ќе продолжи со своите активности во насока на Дополнување на Законот за финансиска полиција, изработка на Оперативни инструкции со кои ќе се имплементираат меѓународните стандарди за борба против криминал, континуирана едукација на финансиските полицајци со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста во откривањето на кривични дела, Форензички кабинет и кабинет за ПИМ мерки. Понатаму, Управата ќе земе активно учество во имплементација на Национален координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, спроведување на Стратегијата на Република Северна Македонија за јакнење на капацитетот за водење на финансиски истраги и конфискација на имот, како и Стратегијата за спречување на насилен екстремизам и тероризам и Националната Платформа за Интероперабилност „Supply of equipment for the institutions in the area of justice and home affairs“, која претставува платформа за меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци помеѓу државните органи и институции. Интензивирање на соработката со секторите и органите во состав во Министерството за финансии, со Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство на РСМ и ОТА, како и воспоставување на меѓународна соработка со органи и организации членки на Европската унија и други земји.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен буџет (илјади денари)	45.585	54.751	61.175	76.575	76.404
Број на вработени	62	70	72	73	69
Просечна месечна бруто плата по вработен	41.135	55.381	57.870	61.415	66.883
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	593	762	813	992	1.068

Аутпут индикатори	**2019**	**2020**	**2021**	**2022**	**2023**
Број на извршени контроли	850	900	950	1.000	1.500

09007 АГЕНЦИЈА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ – МАКОРА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за задолжителни нафтени резерви - МАКОРА врши управни, стручни и други работи во врска со задолжителните нафтени резерви на Република Северна Македонија, носител е на имплементацијата на директивите на ЕУ во врска со потребите од чување и одржување на задолжителните нафтени резерви и го проектира и остварува постепеното зголемување на резервите. Задолжителните резерви се формираат и чуваат со цел да се обезбеди непречено снабдување на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати во случај на нарушена енергетска сигурност предизвикана од вонредно пореметување и значителен и ненадеен пад во снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати. Вонредното пореметување на снабдувањето може да биде предизвикано со нарушување на регионалниот пазар на сурова нафта и нафтени деривати и/или од причини и услови на чие настанување не може да се влијае, а се случиле на територијата на Република Северна Македонија и/или во земјите преку кои се врши увоз на сурова нафта и нафтени деривати за потребите на пазарот во Република Северна Македонија.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Во наредниот период Агенцијата за задолжителни нафтени резерви – МАКОРА ќе продолжи со исполнување на обврските на државата во однос на европските директиви за минимална покриеност со нафтени деривати од задолжителните резерви, како и за формирање на посебните резерви. Нафтените резерви во државава се формираат согласно Акциски план за формирање на задолжителните резерви. Согласно Законот за задолжителни нафтени резерви, како и согласно Одлуката на Министерскиот состанок на Енергетската заедница Д/2012/03МЦ-ЕнЦ од 18.10.2012 година за транспонирање и имплементација на Директивата 2009/119/ЕУ, минимумот резерви на сурова нафта и/или нафтени производи треба да одговараат на најмалку 90

дена од дневните просечни нето увози или на 61 ден од просечната дневна домашна потрошувачка во претходната календарска година во земјата, во зависност од тоа која од двете наведени количини е поголема.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен буџет (илјади денари)	1.388.866	1.335.479	877.630	1.230.990	1.231.420
Број на вработени	18	17	17	17	18
Просечна месечна бруто плата по вработен	37.020	41.268	49.020	49.020	46.296
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	1.113	861	1.348	1.630	1.411

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Пополнетост со задолжителните нафтени резерви во денови	40	51	52	90	90

09008 ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Согласно Законот за девизната инспекција, со кој се уредуваат надлежноста, овластувањата и организацијата на вршење на работите на девизната инспекција, Државниот девизен инспекторат е орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Инспекторатот врши инспекциски надзор над работењето на резиденти и нерезиденти кои вршат дејност во Република Северна Македонија и тоа во делот на тековните трансакции и нивна реализација во вид на плаќања и трансфери, директни инвестиции, вложувања во недвижности, работење без одобрение од НБРСМ, делот на брз трансфер на пари спротивно на закон и врши други работи определени со Законот за девизно работење и други закони. Инспекторатот води прекршочна постапка и изрекува прекршочни санкции по прекршоците пропишани со Законот за девизното работење и Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Државниот девизен инспекторат се насочени кон зголемување на контролата во девизното работење и трансферот на пари.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен Буџет (илјади денари)	5.383	5.428	7.080	7.965	6.965
Број на вработени	7	8	10	8	8

Просечна месечна бруто плата по вработен	49.288	41.849	45.500	63.771	53.354
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	768	670	703	986	863

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на извршени инспекциски надзори	13	4	6	27	25

10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Активностите на Министерството за економија се насочени кон создавање на услови за развој на индустријата, поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и занаетчиство, имплементација на индустриската политика, поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловниот сектор, развиен претприемачки сектор, обезбедување на економски развој и раст на македонското стопанство, како и зголемување на вработеноста преку создавање поттикнувачка клима, креирање и интеграција на единствен пазар во ЕУ, обезбедување енергетска стабилност и сигурност, заштита на животната средина и поттикнување на енергетската ефикасност, изградба на гасоводен систем во Република Северна Македонија, успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија, развивање на ефективна трговска политика, унапредување на заштита на потрошувачите, истражување, екплоатација и одржливо искористување на минералните суровини, основни геолошки истражувања за геотермалниот потенцијал на Република Северна Македонија, развој на туризмот со подобрување на стандардите на туристичката понуда, како и обезбедување забрзан и одржлив економски раст.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Стратешките приоритети на Министерството за економија за 2023 година се насочени кон поддршка и развој на мали и средни претпријатија; развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициона политика и општествена одговорност; спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата; развој на туризмот и угостителството во Република Северна Македонија, подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволна бизнис клима и зголемена валоризација на културните и природните богатства; планирање и одржливо искористување на природните богатства, обезбедување сигурност во снабдување со енергија, раст на ивестициите во енергетскиот сектор, интегрирање на пазарите на енергија, заштита на ранливите потрошувачи на енергија од енергетската сиромаштија; спроведување на основни

геолошки истражувања за геотермалниот потенцијал на Република Северна Македонија; креирање на единствен пазар–внатрешен пазар на Република Северна Македонија усогласен со целокупното законодавство на Европската Унија; развивање на ефективна трговска политика, јакнење на позицијата на Република Северна Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и јакнење на соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен Буџет (илјади денари)	563.202	1.036.074	841.137	1.524.763	1.161.696
Број на вработени	266	275	275	269	271
Просечна месечна бруто плата	40.860	42.579	46.303	50.686	50.603
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	984	900	1.213	1.383	1.566

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Број на усвоени стандарди	1.700	1.500	1.500	1.500	1.500
Број на пријави за акредитација	230	220	255	270	235
Број на претпријатија и лица вклучени во програмата за ваучерско советување	35	40	40	50	50

10002 АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна цел на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија е обезбедување зголемен прилив на странски директни инвестиции преку презентирање на поволностите кои Република Северна Македонија ги нуди на инвеститорите, промовирање на регионите на Република Северна Македонија и поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија.

Ажурирање и имплементирање на најдобрите практики на стратегии за промоција на инвестиции за привлекување странски директни инвестиции и на стратегии за промоција на извозот, обезбедување услуги на инвеститорите и извозниците, дефинирање и поткрепување на клучните маркетинг пораки насочени кон подобрување на имиџот на Република Северна Македонија како локација атрактивна за инвестирање и генерирање на инвестициони можности, вршење на активности за промоција на извозот во земјата и странство и поврзување на македонските извозници со странските купувачи, како и давање информативни услуги на странски компании за извозните потенцијали во Република Северна Македонија.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Спроведување на основните активности на Агенцијата предвидени со Законот за основање на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ, продолжување на процесот на промоција на извозот преку поврзување на домашните компании со странски партнери и нивна извозна промоција на странските пазари и соработка со потенцијалните инвеститори и нивна целосна поддршка во процесот на евалуација на РСМ како инвестициона дестинација.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	52.492	43.112	46.530	46.848	49.728
Број на вработени	54	52	49	50	47
Просечна месечна бруто плата по вработен	42.522	42.260	48.469	45.400	53.617
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	899	828	929	894	1.035

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на склучени договори за инвестирање согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите	108	38	108	280	260

10003 АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот е самостојно правно лице чија основна цел е унапредување и промоција на туризмот на Република Северна Македонија во земјата и странство, промовирање на вкупниот туристички потенцијал и развивање и промовирање на нови туристички понуди.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Активностите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2023 година ќе бидат насочени кон унапредување на туристичката понуда, зголемување на бројот на туристи, зголемување на бројот на ноќевања на туристи, промоција на туристичките потенцијали на таргетирани пазари, етаблирање на Република Северна Македонија како туристичка дестинација во светот, како и решавање на проблемите кои го тангираат туризмот во Република Северна Македонија.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	157.673	92.143	96.132	81.043	84.453

Број на вработени	27	27	31	29	27
Просечна месечна бруто плата по вработен	34.585	36.999	35.484	38.764	46.265
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	2.083	1.017	1.073	1.291	1.446

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на ноќевања	3.262.398	1.697.535	2.313.543	2.600.000	3.200.000

10004 ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ги врши работите поврзани со основање, развој и следење на зоните, промовирање и привлекување основачи и корисници на зоните, го следи работењето на зоната и предлага мерки до Владата на Република Северна Македонија за нивно унапредување, во случај кога Владата на Република Северна Македонија е основач на зона, ги врши работите од надлежност на основачот на зоната, како и други активности согласно закон.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Активностите на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во 2023 година ќе бидат насочени кон навремена и целосна реализација на договори за странски инвестиции, реализација на проектите за инфраструктурно уредување на ТИР зоните во Република Северна Македонија во насока на обезбедување оперативни услови за влез на нови инвеститори, зголемување на вработеноста и економскиот раст, привлекување потенцијални странски и домашни инвеститори и давање на услуги за поддршка и грижа за инвеститорите во ТИР зоните преку остварување на директна комуникација и решавање на тековните проблеми во врска со работењето во зоните.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	908.130	1.092.189	1.309.787	2.178.812	2.535.860
Број на вработени	84	81	80	87	83
Просечна месечна бруто плата по вработен	36.441	39.182	42.085	41.381	48.898
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	3.004	2.799	4.466	7.135	8.839

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на нови договори за странски и домашни инвестиции	4	4	6	10	10

10005 ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот пазарен инспекторат врши инспекциски надзор над примена на закони и прописи, донесени врз основа на Закон во работењето на трговските друштва, правните и физичките лица, изрекува инспекциски мерки, а со цел отстранување на утврдените неправилности. Државниот пазарен инспекторат врши надзор над пазарот на производи и услуги, безбедност на производи, заштита на потрошувачи, промет на предмети од скапоцени метали, техничка сообразност на производи, контрола на употреба на мерни единици и мерила во промет, надзор врз туристичката дејност, заштита на правата од индустриска сопственост и други активности утврдени со закон.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Активностите на Државниот пазарен инспекторат во 2023 година ќе бидат насочени кон висок степен на примена на законите од страна на економските оператори, во надлежност на Инспекторатот, создавање еднакви услови за работа за сите економски оператори преку сузбивање на сивата економија и нелојалната конкуренција, владение на правото и услови за брз економски раст и раст на животниот стандард, пуштање на пазарот само на безбедни производи, висок степен на заштита на правата од индустриска сопственост и на заштита на потрошувачките права.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	151.931	179.031	194.038	189.140	197.912
Број на вработени	278	257	282	276	258
Просечна месечна бруто плата по вработен	35.702	43.937	44.563	48.188	54.457
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	485	591	639	672	755

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на извршени инспекциски надзори	31.557	30.309	19.221	35.000	26.000

10006 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот инспекторат за техничка инспекција донесува технички прописи, врши инспекциски надзор над примена на закони и технички прописи при користење на техничка опрема, донесува решенија за ставање во употреба на техничка опрема и води евиденција на независни правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење на

технички преглед и периодични испитувања определени со Законот за техничка инспекција.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Активностите на Државниот инспекторат за техничка инспекција за 2023 година ќе бидат насочени кон имплементација на законската регулатива, како и подобрување на квалитетот на инспекцискиот надзор.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен буџет (илјади денари)	18.001	17.988	21.506	29.054	28.318
Број на вработени	23	23	27	27	28
Просечна месечна бруто плата по вработен	41.338	45.552	48.985	58.025	57.440
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	697	705	756	984	960

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на извршени инспекциски надзори и донесени записници	1.771	1.598	916	1.069	1.300

11002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за индустриска сопственост е самостоен орган на државна управа кој ги извршува работите во врска со стекнување и заштита на правата од индустриска сопственост. Заводот спроведува постапки за понатамошно усогласување на системот на заштита на правата на индустриска сопственост со европските и светските стандарди, интегрирање во регионалните и меѓународните системи на заштита на индустриската сопственост, јакнење на системот на индустриска сопственост и зголемување на ефикасноста во спроведувањето на управната постапка.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Активностите на Државниот завод за индустриска сопственост за 2023 година се насочени кон зголемување на ефикасноста во спроведувањето на управната постапка за признавање и заштита на правата од индустриска сопственост, јакнење на соработката на полето на индустриската сопственост со Светската организација за интелектуална сопственост и Европската патентна организација, јакнење на соработката во областа на патентите со Европскиот патентен завод и јакнење на соработката помеѓу институциите инволвирани во заштитата и спроведувањето на правата на интелектуална сопственост.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен Буџет (илјади денари)	138.853	39.773	88.899	49.383	49.488
Број на вработени	35	34	32	32	30
Просечна месечна бруто плата по вработен	42.135	46.504	53.635	50.781	59.722
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	1.003	922	1.273	1.144	1.400

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Број на издадени документи во постапката за признавање на правата за индустриска сопственост	30.000	30.000	30.000	32.200	32.700

12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Главна функција на Министерството за животна средина и просторно планирање е зачувување и заштита на животната средина преку донесување и имплементација на законите и подзаконските акти од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина и просторните планови, усогласувајќи ги истите со Европското законодавство, како и инвестирање во реализација на повеќе Проекти од областа на заштитата на животната средина (унапредување на природата, заштита на флора и фауна, справување со жешки точки, изградба на канализациони мрежи, пречистителни станици за отпадни води, водоводни системи, регионални депонии за отпад, депонирање на опасен отпад и спроведување на политиките за заштитата на животната средина, климатските промени, планирањето на просторот како и развојот според концептот на зелена економија и сл.)

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Во 2023 година Министерството за животна средина и просторно планирање ќе продолжи со спроведување на активностите за реализација на веќе започнатите проекти од областа на заштитата и унапредување на животната средина и одржливиот развој, во чии рамки е опфатена: валоризација и ревалоризација на природните вредности; изградбата на канализациони мрежи; водоснабдителни системи; изработка на просторен план на Република Северна Македонија, за мониторинг на бучава, квалитетот на воздухот,изработка на катастри на загадување, како и активности за одржување и подобрување на режимот на водите, промовирање на политиките за заштитата на животната средина, климатските промени, планирањето на просторот како и развојот според концептот на зелена економија. Меѓу позначајни проекти кои ќе се реализираат во текот на 2023 година се: Реконструкција на филтер

станица за вода за пиење во Берово, општина Берово, Реконструкција на системот за водоснабдување во Богданци, општина Богданци, Изградба на фекална канализација во населено место Страчинци, општина Гази Баба, Реконструкција на цевковод за снабдување со вода во Крива Паланка, Реконструкција на изворите, зафаќање нови и санација на каптажи во Крушево, Регулација на дел од Ободен канал во н.м. Арачиново, општина Арачиново, Потисен цевковод и резервоар за вода за пиење во с.Тремник, општина Неготино, Изградба на фекална канализација во с.Мустафино, Свети Николе, Изградба на водснабдителен систем во општина Делчево, проект финансиран од Швајцарска Влада и кофинансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање и сл.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен буџет (илјади денари)	735.706	844.216	866.616	1.358.795	1.868.040
Број на вработени	207	208	218	216	213
Просечна месечна бруто плата по вработен	38.732	40.772	41.093	46.616	47.319
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	896	930	1.081	1.354	1.484

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Изградба на водоводни мрежи (во метри должина)	7.401	6.310	5.285	27.544	35.675
Изградба на канализациони мрежи (во метри должина)	8.554	3.975	581	19.750	34.200
Број на изработени елаборати за заштита на животната средина	457	385	432	500	450

12102 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна функција на Државниот инспекторат за животна средина е спроведување на инспекциски надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата на животната средина, природата и водите. Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на техничко-технолошките мерки за заштита на воздухот, водите, земјиштето, флората и фауната од деградирање и загадување, заштита на гео и биодиверзитетот, посебното природно богатство (Национални Паркови, споменици на природата, парк шуми, орнитолошки резервати и други заштитени подрачја со закон), заштита на озонската обвивка, заштита од штетна бучава емитирана во животна средина, превенција од еколошки инциденти.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Основни цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор во наредниот период се: превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид на неспроведување на задолженијата од дозволите и еколошките елаборати; навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од неспроведување на законските одредби од страна на субјектите кои се предмет на надзор; воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето и намалување на евентуалниот ризик по заштитата на животната средина.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен буџет (илјади денари)	22.466	29.375	45.745	40.395	36.275
Број на вработени	24	24	27	27	26
Просечна месечна бруто плата по вработен	39.366	48.341	52.469	65.370	71.090
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	821	909	1.003	1.450	1.346

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на извршени инспекциски надзори и акти во инспекциска постапка	2.397	1.981	1.990	2.000	2.284

13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за транспорт и врски е орган на државната управа кој ги уредува односите во областа на урбанизмот и градежништвото и сообраќајот и врските. Мисијата на министерството е во насока на развивање на политики за обезбедување на достапен, сигурен и одржлив национален и меѓународен транспортен систем, квалитетна урбанистичка и градежна инфраструктура и вршење надзор над спроведувањето на законите од својата надлежност.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Стратешки приоритети на Министерството за транспорт и врски за 2023 година се: изработка на закони и подзаконски акти од сите области кои ги покрива министерството; изградба и/или реконструкција на водоснабдителни и/или канализациони системи, како и изградба и/или реконструкција на улици во населени места (населби) со претежно Ромско население, како поддршка на Владата на Република Северна Македонија на имплементацијата на “Декада за вклучување на Ромите“ и Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија; доделување

финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници; имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп - Битола); изработка на урбанистички планови на населените места во РСМ по годишна програма за изработка на урбанистички планови; продолжување со реализација на проектот „Водовод и канализација на општините фаза I чекор 2“, финансиран со кредит од KfW банка и донација (грант средства) од SECO и KfW; продолжување со реализација на проектот за водоснабдување и одведување на отпадни води финансиран со кредит од Европска инвестициона Банка (EIB); продолжување со реализација на проектот „Гасификационен систем на Република Северна Македонија“; изградба на станови за социјално ранливи групи кои што се градат преку АД за изградба и стопанисување со станбениот простор и со деловниот простор од значење за Републиката; спроведување на Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од трошоците при давање на услугата; тековно оддржување на пругите низ целата територија на Република Северна Македонија согласно Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура; продолжување со реализација на проектот „Модернизација на железнички Коридор 10“; продолжување со реализација на проектот - Рехабилитација на источен дел на железничка пруга Коридор VIII - ФАЗА I – делница Куманово – Бељаковце; реализација на проектот „Рехабилитација и изградба на нова пруга на источен дел на железничка пруга Коридор VIII - ФАЗА II – делница Бељаковце - Крива Паланка“; реализација на проектот „Изградба на заедничка гранична станица Табановце“; реализација на „Проектот за олеснување на трговијата и транспортот“; како и реализација на Проектот за поврзување на локалните патишта во Република Северна Македонија.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен буџет (илјади денари)	4.481.094	2.693.065	4.040.739	7.926.664	19.950.757
Број на вработени	267	255	260	255	253
Просечна месечна бруто плата по вработен	37.458	40.063	40.544	45.552	44.594
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	609	636	722	776	769

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на објавени и спроведени постапки за јавни набавки	86	95	100	140	140
Број на распределени ЕКМТ дозволи	1.880	3.036	3.720	3.900	4.536

13004 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот инспекторат за транспорт врши инспекциски надзор над Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за превоз на опасни материи во патниот сообраќај, Законот за жичари и ски лифтови, Законот за јавни патишта и Законот за работно време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачи во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Основни цели и приоритети на Државниот инспекторат за транспорт за 2023 година е спроведување на јавната регулатива за патен сообраќај и вршење надзор над економските субјекти за патен сообраќај, со цел создавање на еднакви и поволни конкурентски услови за слободен и безбеден превоз на патници и патна инфраструктура.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен буџет (илјади денари)	28.336	28.101	29.650	33.816	33.806
Број на вработени	36	34	39	38	35
Просечна месечна бруто плата по вработен	43.557	47.778	45.940	57.632	62.571
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	748	809	749	875	963

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Инспекциски надзори	4.291	3.658	2.022	4.500	3.850

13005 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам врши директен надзор над примената на Законот за градење кај објекти класифицирани- прва категорија и надзор на примена на Законот за градење преку овластените градежни инспектори за објекти калсифицирани-втора категорија. Воедно врши надзор над урбанистичко планската документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Основни цели и приоритети на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за 2023 година се: контролирана градежна експанзија, со зголемени редовни, вондредни и контролни надзори во областа на градежништвото; зголемена

контрола над донесување на урбанистичи планови, почитувајќи ја законската регулатива.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен буџет (илјади денари)	13.043	12.608	16.563	18.886	18.876
Број на вработени	22	22	26	25	23
Просечна месечна бруто плата по вработен	34.658	38.501	40.064	45.333	49.275
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	551	567	627	743	812

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Број на спроведени инспекциски надзори од областа на градежништвото и урбанизмот	155	250	300	250	106

13006 ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор над Законот за комунални дејности, Законот за јавна чистота, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за гробишта и погребални услуги, Законот за јавни патишта, Законот за домување, Законот за инспекциски надзор, Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност и Законот за зеленило.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Основните цели и приоритети на Државниот комунален инспекторат за 2023 година се насочени кон зголемување на ефикасноста во работењето на јавните комунални претпријатија, преку вршење редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен буџет (илјади денари)	9.577	8.726	12.360	12.785	13.036
Број на вработени	15	14	12	14	13
Просечна месечна бруто плата по вработен	36.760	43.743	62.361	55.595	59.872
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	608	617	976	881	977

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Број на спроведени инспекциски надзори	380	210	300	390	480

14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги дефинира политиките од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и руралниот развој и спроведува мерки и активности во насока на економско искористување на природните ресурси на одржлив начин преку мерки за поддршка на развојот на полјоделското и сточарското примарно земјоделско производство; преработка и маркетинг на земјоделски производи од животинско и растително потекло; обезбедување одржлив и економски развој на руралните средини; го унапредува ловстовото и риболовот и обезбедува заштита за здравјето на растенијата.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Во 2023 година продолжуваат активностите за реализација на: "ХС Злетовица" и „ХС Лисиче" со цел рехабилитација и модернизација на системите за наводнување, проширување на постоечките и нови системи за наводнување; рационално користење и чување на шуми; рационално користење и заштита на земјоделското земјиште; економско искористување на природните ресурси на одржлив начин преку мерки за поддршка на развојот на полјоделското и сточарското примарно земјоделско производство; преработка и маркетинг на земјоделски производи од животинско и растително потекло; развој на ловство; креирање на мерки за финансиска поддршка во земјоделството со цел подобрување на конкурентноста и одржливоста на приходот на земјоделските стопанства; примена на еколошки практики за прилагодување на климатските промени, обезбедување на одржлив развој на руралните средини; зајакнување на генетската база на растително и сточарско производство; развој на аквакултура; снабдување на пазарот со квалитетен сертифициран семенски и саден материјал, навремено дијагностицирање и детерминирање на штетни организми; контрола на остатоци од пестициди во храна; следење на користење на водите и водостопанските објекти; реализација на инвестиции и проекти од водостопанството како што се изградба на: брана Конско, брана на Оризарска река, ХМС Равен–Речица, Полог, како и брана на река Слупчанска.

Во 2023 година продолжува реализација на проектот Програма за наводнување на Северна Македонија со цел одржливо зголемување на земјоделскиот аутпут (производство и продуктивност) преку подобра достапност и ефикасно користење на водените ресурси со рехабилитација и изградба на четири системи за наводнување во рамки на речниот слив на Вардар (ХС Лисиче, ХС Конско, ХС Пепелиште и ХС Јужен Вардар).

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен Буџет (илјади денари)	1.024.253	1.243.673	2.105.025	2.663.290	2.034.875
Број на вработени	1.084	1.018	1.070	1.046	1.022
Просечна месечна бруто плата по вработен	30.735	35.258	36.246	40.929	43.358
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	456	515	529	595	660

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Извршени лабараториски анализи согласно мониторинг прграмите и анализи за приватни производители	2.286	2.661	2.700	2.800	2.900
Број на оператори во органско земјоделско производство	847	907	950	960	965
Зголемување на наводнувани површини во рамки на системите за наводнување	18%	12%	14%	20%	25%

14002 АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО-БИТОЛА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството овозможува трансфер на знаења и информации и нивна имплементација кај земјоделските стопанства за подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари, одржлив развој на земјоделството во руралните подрачја, како и поддршка во развојот и реализацијата на аграрната политика со одржување на база на податоци од земјоделските стопанства преку директни посети на терен.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Државниот инспекторат за локална самоуправа врши надзор над законитоста на прописите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и го опфаќа надзорот над постапката за нивно донесување. Под прописи на општината се подразбираат: статут на општината, програми, планови, одлуки, решенија, заклучоци и други општи акти што ги донесува Советот на Општината и актите со кои се воспоставува меѓуопштинска соработка, како и конкретните акти што ги донесува Градоначалникот на Општината за извршување на актите на Советот на Општината. При спроведување на инспекцискиот надзор инспекторите постапуваат и одлучуваат согласно Закон за државниот инспекторат за локална самоуправа (Сл.весник на РМ, бр.158 од 09.12.2010 година), додека за прашањата кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002 година) и Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РМ, бр.102 од 22.05.2019). За успешно и организирано функционирање на Државниот инспекторат за

локална самоуправа се изготвува и носи Годишен план за работа на инспекторатот со кој се предвидени основните активности, мерки и начинот на нивното извршување.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Подигнувањето на квалитетот и ефикасноста во работењето, континуитет во примена на принципот на законитост и супсидијарност, транспарентност, јавност и отчетност, принцип на еднаквост, непристрасност и објективност, самостојност и независност и превенција. Имено, зајакнувањето на јавната и институционалната перцепција за работата и позицијата за инспекторатот како високо професионална, стручна и квалитетна државна институција и ефикасно спроведување и засилување на целокупниот систем на постојана правна заштита при вршење на редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори. Основна цел на инспекторите е примена на начелото на превенција, при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот. Целите на инспекторатот се да се обезбеди поефективен, поефикасен и правно регулиран систем на надзор над законитоста на прописите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и за унапредување на нивната законитост, правилна примена на законските прописи од страна на субјектот на инспекциски надзор.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	7.662	8.327	10.626	10.711	9.694
Број на вработени	10	13	13	8	8
Просечна месечна бруто плата по вработен	30.986	33.618	43.462	75.000	64.580
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	739	630	804	1.312	1.187

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на извршени инспекциски надзори	1.395	1.189	959	1.300	1.200

19201 АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за иселеништво е орган на државна управа, чија основна цел е поттикнување, помагање и одржување на националниот идентитет на иселениците од Република Северна Македонија, преку негување на македонскиот јазик и култура на

иселениците во средините каде живеат, како и интеграција во општествениот живот на Република Северна Македонија преку нивно вклучување во јавниот и економскиот живот.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Основните цели на Агенцијата се во насока на унапредување на положбата и правата на иселениците од Република Северна Македонија, поттикнување на културниот развој на иселениците, информирање на иселениците со состојбата во Република Северна Македонија и унапредување на врските со нив и нивните организации, создавање на услови за реинтеграција на иселениците и нивно вклучување во јавниот и економскиот живот во Република Северна Македонија, како и остварување контакти во земјата со припадници на македонските иселеници преку одржување на системска мрежа со единиците на централната власт, локалните власти и заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	19.225	17.183	19.130	22.850	22.097
Број на вработени	18	20	20	19	18
Просечна месечна бруто плата по вработен	46.237	40.395	51.833	52.631	55.555
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	1043	853	944	1.199	1.220

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на деца кои посетуваат настава по мајчин јазик	/	/	100	100	40

19302 АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер е самостоен и независен државен орган, со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК). Преку своите надлежности и функции, Агенцијата го афирмира, унапредува и штити правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како уставно загарантирано право во Република Северна Македонија. Агенцијата пред се' ја има централната улога во развојот на политики за транспарентност кај т.н. имателите на информации, односно сите институции кои трошат буџетски средства,

кои имаат јавни областувања или кои вршат дејност од јавен интерес. Понатаму, Агенцијата: се грижи за подобрување и зајакнување на законодавството во областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер, води сметка за опфатот, толкувањето и соодветната примена на ЗСПИЈК, врши едукативни активности за примената на ЗСПИЈК, се грижи за подигнување на свеста околу слободниот пристап до информации од јавен карактер како уставно и законско право на граѓаните и како обврска на јавните органи, одлучува како второстепен орган во посебна управна постапка, преку која директно влијае на начинот на кој јавните органи го овозможуваат остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, одржува континуирана соработка со сродни институции и партнери на домашно и меѓународно ниво, со цел хармонизирање на правото на слободен пристап со правото на Европската Унија и други релевантни интернационални чинители.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Клучните цели и приоритети се насочени кон континуирана заштита и промовирање на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер преку подигнување на свеста на барателите на информации и едукативни активности насочени директно спрема нив, намалување на молкот на управата и зголемување на (про)активната транспарентност, спроведување ефективни мерки за мониторинг и следење на имплементацијата на ЗСПИЈК и подобрување на практичната примена на ЗСПИЈК преку измени и дополнувања на политиките и праксата, базирани на докази; јакнење на институционалниот капацитет и јавната препознаеност на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, преку: воспоставување стабилни механизми за унапредување на знаењата и вештините на вработените во Агенцијата, зајакнување на видливоста на Агенцијата како релевантен чинител во јавниот дискурс, унапредување на соработката со надворешни и интернационални чинители, примена на современи алатки и решенија за поефективна комуникација и побрзо обезбедување на услуги и надградба на информацискиот систем.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	12.359	12.246	16.423	22.227	17.159
Број на вработени	20	19	21	20	18
Просечна месечна бруто плата по вработен	43.297	43.209	42.857	51.583	57.315
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	610	630	632	756	842

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на пријавени жалби	756	764	640	1.100	800

20001 КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи е самостоен орган на државна управа надлежен за прашањата од верската сфера во државата, заштита на начелото на секуларност на државата, унапредување на верските слободи и права и меѓуконфесионалната соработка, како и за односите на црквите, верските заедници и религиозни групи со државата. Основни функции на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи се: доследно спроведување на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и обврските кои произлегуваат од него; унапредување и промоција на верскиот соживот; унапредување на положбата на верските субјекти во општеството; создавање услови за еднаков третман на сите верски субјекти; остварување на правата на верските субјекти кои произлегуваат од позитивните законски прописи; вклучување и поддршка на средношколските и високошколските образовни институции на МПЦ-ОА и ИВЗ во државниот образовен систем на Република Северна Македонија; издавање решенија за одобренија за престој на странски мисионери на територијата на државата; давање мислења за донации од јавен интерес кои се наменети за верските субјекти и нивните потреби; придонес во изградбата на политиката на мирно разрешување на меѓуверски конфликти; создавање на клима на дијалог; афирмација на верските вредности на државата; промоција на мултиконфесионалниот карактер на државата како пример за почитување на различните вери и верски соживот; достојно оддавање почит на значајни личности и настани од сферата во која работи Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи; следење на состојбите со доследно почитување на начелото на секуларност на државата; следење на остварувањето на верските слободи и права и ангажман за унапредување на состојбите; следење на работата на верските субјекти; сервисна ориентација кон потребите на верските субјекти; поддршка на активните манастири; унапредување и поддршка на црковните и други верски општини во дијаспората; унапредување на меѓународната соработка со институции кои работат во верската сфера како Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи и други соодветни чинители и реализирање на заеднички проекти.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Промовирање на културните и верските вредности на Република Северна Македонија врз основа на постојана и конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции“ и три цели: „Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и

унапредување на меѓуконфесионалната соработка; Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка; Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници“. Реализацијата на наведните приоритет и цели КОВЗРГ ќе ги оствари преку повеќе активности, иницијативи и проекти предвидени во Годишниот план за 2023 година, кои ќе дадат особен придонес во развој на состојбите и прашањата кои се релевантни во областа на делување.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	11.915	10.970	11.588	14.907	10.925
Број на вработени	15	15	15	12	12
Просечна месечна бруто плата по вработен	39.934	41.645	42.194	47.569	47.569
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	628	614	684	792	827

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Решенија за издавање одобренија за престој на странски верски лица	130	140	100	130	160

21001 АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за катастар на недвижности ги врши работите на управувањето со податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем, одржување на катастар на недвижности, востановување и одржување на катастарот на инфраструктурни објекти, основни геодетски работи, геодетски работи за посебни намени, премерот на недвижностите во функција на катастарот на недвижностите, премерот и одржување на државната граница на Република Северна Македонија, топографските карти, масовна проценка на недвижностите, воспоставување и управување со Графичкиот регистар за градежно земјиште, водење на Регистар за просторни единици, улици и куќни броеви, и др. Активностите на Агенцијата се насочени кон дигитално одржување на катастарските планови, интеграција на графичката со алфанумеричката база на податоци, ажурирање на векторизирани архивски оригинали, воведување на електронска архива и Скен центар, ефикасно опслужување на потребите и барањата на сите категории на корисници на јавните услуги на Агенцијата, нов пристап до просторните информации и нивен мониторинг и намалување на просечното време за решавање на предмети.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Приоритетни цели на Агенцијата за катастар на недвижности за 2023 година се: зголемување на задоволство и довербата на корисниците; обезбедување на точна и навремена информација до корисниците; информирање на јавноста, преку промоција на услугите, со што корисниците ќе знаат кои услуги може да ги добијат од АКН, за колку време и за кој износ; организирање и одржување на обуки за професионалните корисници; подобрување на квалитетот на податоците од катастарот на недвижности; воедначување на податоците во документите каде што носител на правото на сопственост се јавува Република Северна Македонија; унифицирање на податоците во базите на податоци; изготвување на геодетски елаборати за посебни намени - ажурирани геодетски подлоги; одржување на МАКПОС системот; одржување на националните геодетски референтни мрежи и нивно поврзување со мрежите од соседните земји; воспоставување на точки од комбинираната геодетска мрежа (мрежа од нулти ред); обновување и погустување на нивелманската мрежа од висока точност; создавање предуслови за ставање во официјална примена на европскиот ETPC89 координатен систем; изработка на топографски и наменски карти и карти по НАТО стандарди; координирање на НИПП активностите во Република Северна Македонија; ласерско скенирање (ЛиДАР) на преостанатиот дел од територијата на Република Северна Македонија; реинженеринг на код и редизајн на кориснички интерфејс на системот електронскиот катастар; реинженеринг на компоненти на системска/ апликациска архитектурата и редизајн и модернизација на веб кориснички и управувачки интерфејс на ОССП- дистрибутивен систем на АКН.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен буџет (илјади денари)	607.669	562.120	648.500	652.915	634.597
Број на вработени	871	851	860	836	815
Просечна месечна бруто плата по вработен	31.291	35.564	36.337	38.626	40.491
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	579	559	646	685	709

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Процент на територија на РСМ со дигитално одржување на катастарски планови	98,71%	98,91%	99,41%	99,59%	99,80%
Процент на ажурирани имотни листови во однос на вкупниот број од 1.754.093 неажурирани имотни листови	83%	85%	90%	93%	95%
Процент на поднесени електронски барања преку е-шалтер	75%	80%	80%	85%	88%

22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за статистика е самостојна стручна управна организација чија што основна дејност е развој, производство и продукција на статистички податоци за потребите на широк круг на корисници (Влада, научна заедница, локална самоуправа, и други). Државниот завод за статистика го координира статистичкиот систем на земјата во кој покрај Заводот учествуваат уште други осум овластени носители. Државниот завод за статистика исто така е главен носител на меѓународната статистичка соработка.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Тековно реализирање на меѓународните проекти, продолжување со трендот на намалување на оптовареноста на извештајните единици и зголемено користење на административни извори на податоци, реализација на Петгодишна програма за периодот 2023-2027 и донесување на планираните статистички стандарди.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	231.452	382.587	579.675	218.205	214.361
Број на вработени	276	245	237	228	225
Просечна месечна бруто плата по вработен	37.053	40.520	41.463	44.385	50.902
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	392	545	661	693	768

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на реализирани статистички истражувања	229	229	229	229	229

24001 ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот архив на Република Северна Македонија е современа архивска институција со статус на управна организација, чија специфичност е во тоа што го прима, заштитува, обработува, публикува и го дава на користење архивскиот материјал создаден при работењето на сите институции што постојат во државата (државни органи, јавни установи, здруженија на граѓани и физички и правни лица). Согласно со Законот за организација и работа на органите на државната управа, Државниот архив на Република Северна Македонија се основа како управна организација со својство на правно лице и во негов состав не се предвидени никакви други орган.

Основни надлежности и функции на Државниот архив на Република Северна Македонија се преземање на архивски материјал и водење на евиденција и инспекциски надзор кај имателите на архивски материјал, средување и обработка на архивски материјал на приоритетно одбрани фондови што се наоѓаат во Државниот архив, чување, стручно одржување и преземање техничко технолошки мерки за заштита на архивскиот материјал.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Приоритети и цели на Државниот архив се надзор и стручна помош и заштита на архивски материјал кај имателите, изградба на Дигитален архив на Државниот архив, сукцесија на архивски материјал од поранешната држава СФРЈ и меѓународна соработка, популаризација на архивската дејност и унапредување на позицијата на Државниот архив.

Инпут индикатори	***2018***	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	129.900	138.338	135.585	154.203	158.179	160.521
Број на вработени	275	296	282	288	287	267
Просечна месечна бруто плата по вработен	31.531	31.095	34.030	35.274	35.976	39.295
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	454	439	462	508	532	575

Аутпут индикатори	***2018***	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на направени посети за инспекциски надзор кај имателите	870	880	890	890	900	900

25001 БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за судски вештачења е орган на државна управа во состав на Министерство за правда, со својство на правно лице. Бирото врши стручни работи од областа на вештачењата и супер вештачењата за потребите на судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија, за потребите на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва основани од државата, физичките и правните лица, како и за други субјекти за кои е потребно да се изврши вештачење. Бирото ги врши и работите на процена согласно со закон.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Приоритет на Биро за судски вештачења: квалитетно, стручно и навремено изготвување на вештачења, супер вештачења, процени и стручни анализи. Стратешки цели на Биро за судски вештачења се: Подобрување на квалитетот и

професионалноста во изготвување на вештачења и процени и Поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка. Во 2023 година Бирото планира да врши стручни работи од областа на вештачења, супер вештачења и процени, односно да ги спроведе следните активности и проекти: стручно изработени вештачења и супер вештачења, квалитетно изработени стручни анализи и процени, реализација на петто Стручно Советување за Сообраќајно-технички вештачења и размена на искуство со врвни експерти од Европа од областа на Сообраќајно-технички вештачења, со цел поголема ефикасност и ефективност во вештачењата од оваа област, континуирана професионална едукација со цел подобрување на стручноста кај вештите лица и проценители во изготвување на вештачења и проценки. Целта на планираните активности и проекти е: подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења и процени, поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка, зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството и бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото. Планираните активности и проекти предвидено е да се реализираат преку јакнење на административниот капацитет, континуирана професионална едукација и надградба на информатички технологии и опрема.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	43.460	34.302	42.962	45.662	44.562
Број на вработени	35	35	35	35	32
Просечна месечна бруто плата по вработен	37.727	39.526	40.505	42.529	46.516
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	1.222	972	1.170	1.245	1.339

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на завршени предмети за вештачење	1.660	1.623	1.680	1.880	1.900

26001 МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Македонската академија на науките и уметностите е институција која ги поттикнува и организира научните, академските и уметничките потфати на нејзините членови и го охрабрува користењето на најсовремените научноистражувачки методологии и научни информации и резултати од најновите истражувања. Академијата работи и на развивање на меѓународната соработка во разни научни и применети истражувања, интердисциплинирани истражувачки проекти и преку

организирање на научни конференции и симпозиуми, објавување на резултати од научни истражувања и преку организирање настани од разни уметнички области.

Академијата работи и на развивање на меѓународна соработка со разни научни и уметнички институции. Како независна научна и уметничка институција, Академијата ги постигнува целите преку фундаментални, развојни и применети истражувања, интердисциплинарни истражувачки проекти, организирање на научни конференции и симпозиуми, објавување на резултати од научни истражувања и, организирање настани од разни уметнички области како и реализација на обемна издавачка програма.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Академијата како институција од особено значење на Република Северна Македонија, има три главни стратешки цели и тоа реализација на научноистражувачки и уметнички проекти, реализација на меѓународна соработка и размена и организирање на научни собири.

Македонската академија на науките и уметностите во 2023 година предвидува да работи врз нови национални проекти финансирани од Фондот за научни и уметнички дејности на Академијата како и меѓународни научноистражувачки проекти. Во текот на 2023 година се очекува проактивен пристап во градењето на национални ставови за прашања од национален и стратешки карактер за државата.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен Буџет (илјади денари)	150.722	163.020	188.330	167.885	180.950
Број на вработени	76	71	70	70	68
Просечна месечна бруто плата по вработен	45.855	50.427	53.452	45.702	45.416
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	1.683	2.084	2.044	2.009	1.537

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на научно-истражувачки и уметнички проекти	80	78	78	72	72

28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за регионален развој е орган на државната управа во состав на Министерството за локална самоуправа со својство на правно лице. Со него раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија. Надлежно е за имплементирање на политиката за рамномерен регионален развој

донесена од Министерството за локална самоуправа согласно целите на економската политика на Владата на Република Северна Македонија, преку имплементација на проекти за намалување на диспаритетите во степенот на развој во и меѓу планските региони, со цел остварување на рамномерен и одржлив развој на регионите. Бирото дава стручна поддршка на Центрите за развој на планските региони и единиците на локалната самоуправа согласно закон.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Намалување на разликите во развојот меѓу и во планските региони и зголемување на нивната конкурентна способност, реализација на активности во рамките на приоритетните групи на мерки утврдени во Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, зголемување на ефикасноста во искористувањето на доделените средства за промовирање на рамномерниот регионален развој, натамошно унапредување на соработката со Центрите за развој на планските региони и обезбедување стручна помош на институциите инволвирани во остварување на политиката за рамномерен регионален развој, реализација на проекти за развој на плански региони, села, подрачја со специфични развојни потреби и урбани подрачја согласно склучени договори, теренски посети, активности за трансформација на Бирото за регионален развој во Агенција за регионален и локален развој, донесување на нов закон за рамномерен регионален развој, спроведување на проектот „Компјутерската моќ станува зелена-Го Грин“.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен Буџет (илјади денари)	196.505	338.832	468.009	629.830	668.162
Број на вработени	20	24	28	25	30
Просечна месечна бруто плата по вработен	38.180	32.963	35.354	45.200	41.833
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	642	556	572	820	667

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Број на финансирани проекти	120	58	130	0	40

29010 СУДСКА ВЛАСТ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Судскиот совет на РСМ е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции. Судовите во РСМ судската власт ја вршат самостојно и независно и судат врз

основа на Уставот и законите и ратификуваните меѓународните договори. Во судскиот систем судската власт ја вршат Врховниот суд на РСМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите и основните судови. Академијата за судии и јавни обвинители е јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители и континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, обука на субјектите кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, вршењето на аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Целите и функциите на судската власт во 2023 година се насочени кон непристрасно применување на правото, независно од положбата и својството на странките, заштита, почитување и унапредување на човековите права и слободи, обезбедување еднаквост, рамноправност и недискриминација по било кој основ, како и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото преку: обезбедување основни услови за функционирање на судската власт, унапредување на условите за функционирање на судската власт, јакнење на ефикасноста на судската власт и воедначување на судската практика, јакнење на транспарентноста и зголемување на довербата.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен буџет (илјади денари)	2.041.969	1.880.208	2.156.116	2.336.087	2.577.706
Број на вработени	2.845	2.862	2.861	2.834	2.827
Просечна месечна бруто плата по вработен	45.088	45.108	47.635	52.272	52.401
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	631	620	664	741	806

Аутпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Број на слушатели кои посетувале почетна и континуирана обука во тековната фискална година	4.700	4.800	5.002	5.100	5.000
Број на решени предмети во една фискална година	540.000	520.000	615.000	620.000	600.000

31010 ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон. Јавното обвинителство се организира според принципите на хиерархија и субординација и функциите ги врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува човековите права и основни слободи и се грижи кривичниот систем да функционира ефикасно и навремено. Јавното обвинителство е самостоен државен орган. Почитувањето на принципите на хиерархија и субординација не смее да ја загрози самостојноста и одговорноста на секој јавен обвинител во вршењето на функцијата. Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Јавното обвинителство во постапувањето непосредно ги применува конечните и извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права, на Меѓународниот кривичен суд или на друг суд, чијашто надлежност ја признава Република Северна Македонија. Функцијата на јавното обвинителство ја вршат Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавните обвинители.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за 2023 година се во насока на развивање на ефикасен систем за заштита и почитување на темелните вредности на општеството; унапредување и надградување на јавнообвинителската функција; континуирано опремување на истражните центри во јавните обвинителства; унапредување и надградување на јавнообвинителската служба; исполнување на критериумите за членство во ЕУ во областа на јавното обвинителство; унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план со другите јавни обвинителства; унапредување на информатичко-комуникациските технологии во јавното обвинителство; континуирана надградба, следење и примена на новите технолошки достигнувања; воспоставување на механизам за успешна соработка со носителите на ИПА проектите во кои јавното обвинителство е корисник.

Инпут индикатори	***2019***	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***
Вкупен буџет (илјади денари)	738.018	538.164	574.361	642.832	675.446
Број на вработени	549	534	549	575	544
Просечна месечна бруто плата по вработен	60.695	58.431	58.463	63.151	66.749
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	1.167	868	989	1.067	1.207

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Број на иницирани постапки врз основа на поднесени пријави	29.733	32.164	33.100	33.012	35.000

31011 СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија е орган кој ја обезбедува и гарантира самостојност на јавните обвинители во извршување на нивната функција, постапува по поплаки и претставки на граѓани за работата на јавните обвинители, следи и врши оценка на работата на јавните обвинители, а врз основа на тоа одлучува за стручноста, односно нестручноста и несовесноста во вршењето на функцијата јавен обвинител.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители.

Советот со одлука го определува бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства, врши избор и разрешува јавни обвинители, ја следи работата на јавните обвинители врз основа на оценка на нивната работа согласно Законот за јавно обвинителство, одлучува за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, ги разгледува и оценува годишните извештаи на јавните обвинителства, поднесува извештај за својата работа, дава мислење по закони од областа на делокругот на работата на Советот, дава мислења по програмите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, дава мислења по закони од областа на делокругот на работата на Советот, дава мислење на Владата на Република Северна Македонија по предлог за именување и разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, утврдува престанок на функцијата јавен обвинител и одлучува во втор степен во постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на јавните обвинители и спроведува постапка за избор на јавен обвинител за времено упатување во друго јавно обвинителство преку јавен оглас.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Активностите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во 2023 година ќе бидат во насока на пополнување на празните јавнообвинителски места преку спроведување на избор на нови јавни обвинители, постапување по преставки и поплаки на граѓаните и одлучување за одговорноста во постапувањето на јавните обвинители, односно разрешување на јавни обвинители.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен буџет (илјади денари)	0	0	22.686	24.490	23.077
Број на вработени	0	0	18	18	17
Просечна месечна бруто плата по вработен	0	0	92.593	92.222	92.745

Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	0	0	1.250	1.301	1.289

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Постигнат број на претставки	171	200	171	230	240

31101 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Народниот правобранител е орган на Република Северна Македонија кој ги промовира и штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа, од органите на единицата на локалната самоуправа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби, како и врши и други работи утврдени со друг закон.

Народниот правобранител врши превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување преку спроведување на редовни и ненајавени посети на местата каде лицата се или може да бидат лишени од слобода. Оваа институција благодарение на својата специфичност од 2018 година е носител на функциите на Механизам за граѓанска контрола преку кој го контролира постапувањето и евентуалната прекумерна примена на сила при постапувањето на полициските службеници, Механизмот за деца и лица со попреченост и национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Народниот правобранител во 2023 година се во насока на промоција на човековите права и јакнење на свеста кај граѓаните, но и на државните институции како одговорни органи за спроведување на препораките на Народниот правобранител за потребата од јакнење и почитување на корпусот човекови права утврден со низа домашни и меѓународни инструменти преку доследно спроведување на новиот Закон за Народен правобранител, како и воспоставување на одржливи форми на промотивни активности; спроведување активности во однос на новите надлежности на НП: Национален превентивен механизам, Пријател на судот, Механизам за граѓанска контрола, Механизам за следење на спроведувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција; заштита на човековите права и основни слободи

со примена на начелото на соодветна и правична застапеност, како и почитување на правото на ранливите и маргинализирани групи граѓани, децата и лицата со посебни потреби; спроведување на проектни активности за подобрување на системот за правна заштита во врска со азил и натурализација; зајакнување на видливоста и капацитетите на регионалните канцеларии, воспоставување ефикасен систем на заштита на локално ниво, како и продлабочување на конструктивниот дијалог со органите на државната управа со цел имплементирање и почитување на дадените препораки.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен буџет (илјади денари)	74.749	75.790	83.022	88.199	96.760
Број на вработени	90	86	83	89	88
Просечна месечна бруто плата по вработен	43.782	52.832	56.730	55.993	64.205
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	774	868	972	951	1.052

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Постигнат број на претставки	4.500	3.700	3.100	2.900	3.000

66002 ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Фондот ги спроведува прописите и политиката на развојот и унапредувањето на здравственото осигурување и здравствената заштита. Во негова надлежност е планирањето и прибирањето на средства од задолжителното здравствено осигурување и обезбедување на правата на осигурените лица-ги плаќа здравствените услуги и надоместоците на плати на осигурените лица, ги утврдува цените на здравствените услуги за кои министерот за здравство дава согласност, ги утврдува референтните цени на лекови и медицински помагала, договара обезбедување на здравствени услуги, развива сопствен информативен систем, спроведува меѓународни договори, врши увид и контрола на обезбедени здравствени услуги, одлучува за правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен и други работи во врска со правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Фондот во 2023 година се во насока на одржување на финансиската стабилност на Фондот и финансиска стабилизација на целокупниот здравствен систем, континуирано и квалитетно задоволување на потребата од лекови, полесен и подобар пристап на осигурениците до потребните здравствени услуги и

лекови, подобрување на транспарентноста, унапредување на буџетскиот процес, и договарање и преговарање со здравствените установи.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен буџет (илјади денари)	31.276.956	35.221.567	35.592.920	38.785.000	42.636.000
Број на вработени	903	880	870	858	819
Просечна месечна бруто плата по вработен	33.104	35.853	36.868	37.393	39.174
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	508	538	597	574	648

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Број на извршени контроли (контрола на придонеси, партиципација и плати, боледувања, лекувања во странство, контрола во јзу, специјални болници, аптеки и приватни ординации)	8.462	2.090	5.000	7.000	6.000
Број на склучени договори со пзу, јзу и аптеки	3.517	3.555	3.900	4.000	3800
Процент на учество на приватните трошоци за здравство во вкупните здравствени трошоци на земјата	45	45	45	45	под 45%

66003 АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија врши стручни, организациски, административни и други работи што се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и обезбедува поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на трудот. Агенцијата врши услуги за задоволување на потребите на пазарот на трудот, како за работодавачите, така и за невработени лица, а се однесуваат на евиденции од областа на трудот, размена на трудот и остварување на права во случај на невработеност.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Во текот на 2023 година Агенцијата ќе продолжи со редовна исплата на правата по основ на невработеност-паричен надоместок, придонес за пензиско и здравствено осигурување. Исто така ќе продолжи да ги спроведува активните мерки за вработување согласно оперативен план на Владата за 2023 година. Инвестиционите активности ќе бидат насочени кон реконструкција и реновирање на центрите за вработување.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен буџет (илјади денари)	3.061.670	3.283.568	3.825.000	3.703.000	3.804.000
Број на вработени	523	539	535	512	496
Просечна месечна бруто плата по вработен	31.973	32.598	34.829	37.272	38.474
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	497	490	538	553	611

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Број на невработени на кои им се обезбедуваат парични надоместоци по основ на невработеност	14.602	16.431	15.390	13.650	10.617
Број на корисници на мерките на оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот	8.868	12.696	11.512	12.000	15.000

66004 ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Во Фондот за пензиското и инвалидското осигурување се остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување на сите осигуреници во Република Северна Македонија и се врши исплата на пензии и парични надоместоци на корисниците на правата. Фондот ги применува прописите од пензиското и инвалидското осигурување, врши усогласување на пензиите согласно законот, врши распределба на придонесот помеѓу Фондот и приватните пензиски фондови и го унапредува информациониот систем како техничка поддршка во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Приоритетни цели во работењето на Фондот во 2023 година се: редовна и навремена исплата на пензиите и другите права од пензиското и инвалидското осигурување, усогласување на пензиите согласно законските прописи, навремена распределба на придонесите помеѓу Фондот и приватните пензиски фондови, редовно и навремено обезбедување на податоци за уплатените придонеси од УЈП за утврдување на стажот и платите на осигурениците во матичната евиденција на Фондот, квалитетна, брза и навремена услуга на клиентите, доследна примена на прописите од пензиското и инвалидското осигурување, унапредување на информациониот систем, како и подобрување на условите за живеење на пензионерите во домовите со кои стопанисува Фондот.

Инпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Вкупен буџет (илјади денари)	73.121.094	77.209.965	80.657.000	87.598.000	97.124.000
Број на вработени	559	536	537	532	531
Просечна месечна бруто плата по вработен	33.903	39.945	40.891	41.510	41.588
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	662	711	807	817	782

Аутпут индикатори	*2019*	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*
Број на подготвени решенија за остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување	31.495	27.806	30.325	33.500	33.500
Број на пензионери на кои им се исплаќа пензија	324.039	326.295	330.211	338.359	345.245
Број на деца попречени во психофизичкиот развој за кои се учествува во партиципација на трошоците за сместување	110	110	110	110	110

Преглед на наменски и блок дотации за пренесени надлежности по општини за 2023 година

Реден број	ОПШТИНИ	Наменски дотации за основно образование	Блок дотации за образование		Блок дотации за дејности од областа на културата	Блок дотации за социјалната заштита		Наменски дотации за пожарникари	ВКУПНО НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА	ВКУПНО БЛОК ДОТАЦИЈА
			Основно образование	Средно образование		Детска заштита	Домови за стари лица			
1	Арачиново	0	111.743.000	0	0	4.545.000	0	0	0	116.288.000
2	Берово	0	96.462.000	38.700.000	4.110.000	30.339.000	7.696.000	7.600.000	7.600.000	177.307.000
3	Битола	0	506.998.000	309.000.000	12.715.000	117.924.000	19.092.000	19.800.000	19.800.000	965.729.000
4	Богданци	0	46.928.000	36.600.000	2.968.000	13.674.000	0	0	0	100.170.000
5	Боговиње	0	196.283.000	0	0	5.489.000	0	0	0	201.772.000
6	Босилово	0	87.954.000	0	0	4.208.000	0	0	0	92.162.000
7	Брвеница	0	108.094.000	0	0	7.052.000	0	0	0	115.146.000
8	Валандово	0	89.947.000	27.600.000	7.014.000	25.348.000	0	6.600.000	6.600.000	149.909.000
9	Василево	0	86.461.000	0	0	7.807.000	0	0	0	94.268.000
10	Вевчани	0	22.010.000	0	0	5.937.000	0	0	0	27.947.000
11	Велес	0	304.450.000	178.000.000	13.405.000	79.770.000	0	23.800.000	23.800.000	575.625.000
12	Виница	0	131.918.000	44.100.000	8.189.000	28.390.000	0	5.600.000	5.600.000	212.597.000
13	Врапчиште	0	201.576.000	21.800.000	3.664.000	9.074.000	0	0	0	236.114.000
14	Гевгелија	0	129.688.000	65.600.000	6.929.000	56.245.000	0	9.400.000	9.400.000	258.462.000
15	Гостивар	0	510.180.000	261.000.000	0	45.106.000	0	16.200.000	16.200.000	816.286.000
16	Градско	0	39.043.000	0	0	0	0	0	0	39.043.000
17	Дебар	0	153.066.000	55.000.000	0	27.331.000	0	2.300.000	2.300.000	235.397.000
18	Дебрца	0	42.564.000	0	0	0	0	0	0	42.564.000
19	Делчево	0	114.647.000	42.000.000	6.211.000	23.598.000	0	8.000.000	8.000.000	186.456.000
20	Демир Капија	0	38.568.000	0	4.364.000	11.522.000	0	0	0	54.454.000
21	Демир Хисар	0	64.852.000	22.600.000	3.014.000	9.916.000	0	4.000.000	4.000.000	100.382.000
22	Дојран	0	30.984.000	0	0	4.233.000	0	0	0	35.217.000
23	Долнени	0	162.392.000	33.600.000	0		0	0	0	195.992.000
24	Желино	0	206.957.000	0	0		0	0	0	206.957.000
25	Зелениково	0	39.524.000	0	0		0	0	0	39.524.000
26	Зрновци	0	23.007.000	0	0	5.260.000	0	0	0	28.267.000
27	Илинден	0	111.887.000	34.000.000	0	28.610.000	0	0	0	174.497.000
28	Јегуновце	0	91.320.000	0	0	5.636.000	0	0	0	96.956.000
29	Кавадарци	0	289.465.000	127.600.000	22.566.000	75.241.000	0	13.000.000	13.000.000	514.872.000
30	Карбинци	0	53.595.000	0	0	4.676.000	0	0	0	58.271.000
31	Кичево	0	378.074.000	134.000.000	1.975.000	26.008.000	0	15.500.000	15.500.000	540.057.000
32	Конче	0	37.104.000	0	0	4.245.000	0	0	0	41.349.000
33	Кочани	0	201.566.000	107.000.000	9.690.000	56.693.000	0	8.800.000	8.800.000	374.949.000
34	Кратово	0	64.787.000	27.700.000	9.342.000	16.475.000	0	7.500.000	7.500.000	118.304.000
35	Крива Паланка	0	146.242.000	55.000.000	0	34.940.000	0	9.900.000	9.900.000	236.182.000
36	Кривогаштани	0	48.154.000	0	0	6.180.000	0	1.500.000	1.500.000	54.334.000
37	Крушево	0	64.095.000	21.500.000	2.571.000	10.140.000	0	4.500.000	4.500.000	98.306.000
38	Куманово	0	695.269.000	364.000.000	12.760.000	119.619.000	20.401.000	10.700.000	10.700.000	1.212.049.000
39	Липково	0	236.625.000	42.000.000	0	10.434.000	0	0	0	289.059.000
40	Лозово	0	27.527.000	0	0	5.062.000	0	0	0	32.589.000
41	Маврово и Ростуше	0	92.904.000	18.600.000	0	0	0	0	0	111.504.000
42	Македонски Брод	0	52.720.000	21.500.000	5.419.000	11.913.000	0	7.500.000	7.500.000	91.552.000
43	Македонска Каменица	0	65.530.000	25.000.000	0	16.046.000	0	1.100.000	1.100.000	106.576.000
44	Могила	0	56.978.000	0	0	0	0	0	0	56.978.000

Преглед на наменски и блок дотации за пренесени надлежности по општини за 2023 година

Реден број	ОПШТИНИ	Наменски дотации за основно образование	Блок дотации за образование		Блок дотации за дејности од областа на културата	Блок дотации за социјалната заштита		Наменски дотации за пожарникари	ВКУПНО НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА	ВКУПНО БЛОК ДОТАЦИЈА
			Основно образование	Средно образование		Детска заштита	Домови за стари лица			
45	Неготино	0	148.046.000	56.000.000	8.846.000	35.037.000	0	7.700.000	7.700.000	247.929.000
46	Новаци	0	35.922.000	0	0	4.246.000	0	0	0	40.168.000
47	Ново Село	0	85.980.000	0	2.118.000	6.108.000	0	0	0	94.206.000
48	Охрид	0	320.797.000	163.000.000	0	63.267.000	0	6.000.000	6.000.000	547.064.000
49	Петровец	0	84.708.000	0	0	8.492.000	0	0	0	93.200.000
50	Пехчево	0	42.058.000	0	3.177.000	14.164.000	0	0	0	59.399.000
51	Пласница	3.500.000	0	0	0	0	0	0	3.500.000	0
52	Прилеп	0	480.554.000	271.000.000	12.572.000	87.590.000	16.167.000	22.000.000	22.000.000	867.883.000
53	Пробиштип	0	104.661.000	35.000.000	5.895.000	37.405.000	0	6.500.000	6.500.000	182.961.000
54	Радовиш	0	201.951.000	51.000.000	5.743.000	36.762.000	0	5.300.000	5.300.000	295.456.000
55	Ранковце	0	39.274.000	0	0	0	0	4.900.000	4.900.000	39.274.000
56	Ресен	0	126.945.000	36.000.000	4.230.000	19.210.000	0	6.000.000	6.000.000	186.385.000
57	Росоман	0	41.289.000	0	0	8.065.000	0	0	0	49.354.000
58	Старо Нагоричане	0	54.668.000	0	0	0	0	4.500.000	4.500.000	54.668.000
59	Свети Николе	0	120.471.000	43.000.000	11.124.000	34.501.000	0	5.100.000	5.100.000	209.096.000
60	Сопиште	0	53.896.000	0	0	7.625.000	0	0	0	61.521.000
61	Струга	0	464.024.000	178.000.000	0	32.298.000	0	8.100.000	8.100.000	674.322.000
62	Струмица	0	349.635.000	238.000.000	14.953.000	91.624.000	0	12.300.000	12.300.000	694.212.000
63	Студеничани	0	172.800.000	0	0	0	0	0	0	172.800.000
64	Теарце	0	152.095.000	0	0	0	0	0	0	152.095.000
65	Тетово	0	608.859.000	478.000.000	0	74.831.000	0	20.100.000	20.100.000	1.161.690.000
66	Центар Жупа	0	63.862.000	16.000.000	0	0	0	0	0	79.862.000
67	Чашка	0	89.972.000	0	0	4.243.000	0	0	0	94.215.000
68	Чешиново-Облешево	0	57.152.000	0	0	7.952.000	0	0	0	65.104.000
69	Чучер - Сандево	0	69.119.000	0	3.098.000	6.497.000	0	0	0	78.714.000
70	Штип	0	254.509.000	186.000.000	4.986.000	116.577.000	0	8.400.000	8.400.000	562.072.000
71	Аеродром	0	344.622.000	0	0	181.202.000	0	0	0	525.824.000
72	Бутел	0	302.722.000	0	0	68.308.000	0	0	0	371.030.000
73	Гази Баба	0	430.930.000	0	0	120.976.000	0	0	0	551.906.000
74	Ѓорче Петров	0	201.418.000	0	0	79.726.000	0	0	0	281.144.000
75	Карпош	0	361.347.000	0	0	166.576.000	0	0	0	527.923.000
76	Кисела Вода	0	306.984.000	0	0	134.381.000	0	0	0	441.365.000
77	Сарај	0	317.199.000	0	0	14.472.000	0	0	0	331.671.000
78	Центар	0	268.765.000	0	0	152.762.000	0	0	0	421.527.000
79	Чаир	0	462.848.000	0	0	115.122.000	0	0	0	577.970.000
80	Шуто Оризари	0	193.780.000	0	0	8.558.000	0	0	0	202.338.000
81	Град Скопје	0	0	1.778.000.000	192.758.000	0	0	139.800.000	139.800.000	1.970.758.000
Вкупно		**3.500.000**	**13.674.000.000**	**5.642.500.000**	**406.406.000**	**2.693.263.000**	**63.356.000**	**440.000.000**	**443.500.000**	**22.479.525.000**

Член 2

Приходите на Буџетот на Република Северна Македонија по видови на приходи се утврдуваат во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдуваат во билансот на расходи.

